# ГЛАСИЛО
# GAZETË

Јуни 2023
Qershor 2023



## ЗЕЛС

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## BNJVL

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT



Почитувани,

Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, ја одржа 48-та седница во просториите на ЗЕЛС, каде што претставниците од локалната власт ја нагласија потребата од итно редефинирање на политиките за блок дотациите и за капиталните инвестиции за општините. Беше нагласена и потребата за измени во методологијата за блок дотации за културата, што е непроменета речиси 20 години. Уште еднаш беше побарано претставниците од централната власт, номинирани во ова тело, да бидат од највисокиот ранг на државни службеници или министри, бидејќи со сегашниот состав се девалвира улогата на Комисијата. Поради отсуство на претставник од соодветното министерство, присутните не дискутираа за методологијата за распределба на средствата за основно образование, а од истите причини не се отвори расправа и за предизвиците во противпожарната заштита. Усвоена беше Предлог-уредбата за методологијата за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2024 година.

На конференцијата „Соодветно користење на училишните ресурси за поквалитетно образование", организирана од МОН, УНИЦЕФ и Светската банка, претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, ги изнесе забелешките и предлозите на ЗЕЛС за новата предлог-формула за распределба на средства за основно образование и за најавената оптимизација на училишната мрежа.

Општините: Битола, Прилеп, Новаци, Охрид, Кичево и Пласница потпишаа меморандуми за соработка во проектот „Одржливо управување со отпадот на локално ниво", каде што ЗЕЛС е еден од проектните партнери. Целта е да се подобри практиката за планирање за управување со отпадот и да се обезбеди одржливо управување со отпадот на локално ниво. Проектот е финансиран од Шведската агенција за меѓународна соработка и развој (СИДА).

Во овој период беше одржана средба со претседателката на Инспекцискиот совет, на која најави дека во периодот јули-септември 2023 година, претставници од Советот ќе вршат советодавни посети во сите општини каде што ќе разговараат за предизвиците во работењето на инспекциските служби со градоначалниците и со инспекторите. Во просториите на ЗЕЛС беше одржана и средба со директорката на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, на која беше укажано дека општините се соочуваат со голем притисок поради зголемениот број неосновани барања пристигнати од физички или правни лица, по основ на слободен пристап до информациите од јавен карактер. ЗЕЛС обезбеди надградување на постојната електронска платформа за родово одговорно буџетирање (www.rob.zels.org.mk) со поставување на нова алатка за родово разделени податоци, за што организираше и обука за одговорните лица од општините. За овие и други активности може подетално да прочитате во овој број на Гласило на ЗЕЛС.

Со почит,

Душица Перишиќ,
извршен директор на ЗЕЛС

Të nderuar,

Komisioni për ndjekjen e zhvillimit të sistemit për financim të njësive të vetëqeverisjes lokale, mbajtën seancën e 48-të në hapësirat e BNJVL-së, ku përfaqësuesit e pushtetit lokal theksuan nevojën nga ridefinimi urgjent i politikave për bllok dotacionet dhe për investimet kapitale për komunat. U theksua edhe nevoja për ndryshime në metodologjinë për bllok dotacionet dhe për investimet kapitale për kulturë, që është e pandryshuar pothuajse 20 vite. Edhe njëherë u kërkua që përfaqësuesit e pushtetit qendror, të nominuar në këtë trup të jenë në rangun më të lartë të nëpunësve shtetëror ose ministrave, pasi që me përbërjen e deritanishme devalvohet roli i Komisionit. Për shkak të mungesës së përfaqësuesit nga ministria adekuate, të pranishmit nuk diskutuan për metodologjinë për shpërndarjen e mjeteve për arsim fillor, ndërsa për arsye të njëjta nuk hapet diskutim edhe për sfidat në mbrojtjen nga zjarri. U miratua Propozim-Rregullorja për metodologjinë për shpërndarjen e të hyrave nga tatimi i vlerës së shtuar nëpër komuna për vitin 2024..

Në konferencën ,,Shfrytëzimi adekuat i resurseve shkollore për arsim më cilësor", të organizuar nga MASH, UNICEF dhe Banka Botërore, kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski i paraqiti vërejtjet dhe propozimet e BNJVL-së për propozim-formulën e re për shpërndarjen e bllok dotacioneve për arsim fillor dhe për optimizimin e rrjetit shkollor.

Komunat: Manastir, Prilep, Novaci, Ohër, Kërçovë dhe Pllasnicë, firmosën memorandume për bashkëpunim në projektin ,,Menaxhim i qëndrueshëm me mbeturinat në nivel lokal", ku BNJVL është një ndër partnerët e projektit. Qëllimi është të përmirësohet praktika për planifikimin për menaxhim me mbeturinat dhe të sigurohet menaxhim i qëndrueshëm me mbeturinat në nivel lokal. Projekti financohet nga Agjencia Suedeze për bashkëpunim ndërkombëtar dhe zhvillim (SIDA).

Në këtë periudhë u mbajt takim me nënkryetaren e Këshillit inspektues, në të cilën paralajmëroi se në periudhën korrik-shtator 2023, përfaqësuesit e Këshillit do të kryejnë vizita këshillëdhënëse në të gjitha komunat ku do të bisedohet mbi sfidat e punës së shërbimeve inspektuese me kryetarët e komunave dhe me inspektorët. Në hapësirat e BNJVL-së u mbajt edhe takim me drejtoreshën e Agjencisë për mbrojtje e të drejtës për qasje të lirë në informacionet me karakter publik, në të cilën u përmend se komunat ballafaqohen me një presion të madh për shkak të numrit të rritur të kërkesave të pabazuara në bazë të qasjes së lirë në informacione me karakter publik. BNJVL siguroi avancimin e platformës ekzistuese elektronike për buxhetim përgjegjës për barazi gjinore (www.rob.zels.org.mk) me themelimin e veglës së re për të dhëna të ndara në bazë gjinore, për ç'arsye u organizua trajnim për personat përgjegjës nga komunat. Për këto dhe aktivitete tjera mund që të lexoni më detajisht në numrin e ri të Gazetës së BNJVL-së.

Me respekt,

Dushica Perishiq,
drejtor ekzekutiv i BNJVL-së


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
тел. +389 (0) 2 30 99 033, факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ
**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема-Мехмети
**Подготвила:**
Весна Арсовска-Динковска
**Превод:** Арта Абази
**Лекторирал:** Валентина Великова
**Дизајн и подготовка и печатење:** Европа 92

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
tel. +389 (0) 2 30 99 033, faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. ,, Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32,
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq
**Zëvendes drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema - Mehmeti
**Përgatiti:**
Vesna Arsovska - Dinkovska
**Përkthim:** Arta Abazi
**Lektoron:** Valentina Velikova
**Dizajnim dhe përgatitje shtyp:** Evropa 92

## ШЕСТ ОПШТИНИ ПОТПИШАА МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ „ОДРЖЛИВО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ НА ЛОКАЛНО НИВО“

Битола, Прилеп, Новаци, Охрид, Кичево и Пласница се шесте општини од Југозападниот и Пелагонискиот Регион што во следните четири години ќе учествуваат во имплементација на проектот „Одржливо управување со отпадот на локално ниво“. По тој повод, на 5 јуни 2023 година во Скопје, беше одржана воведна конференција на која тие потпишаа меморандуми за соработка со партнерите на проектот: ЗЕЛС, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за локална самоуправа, како и САЛАР Интернационал, дел од Шведската асоцијација на локални и регионални власти (САЛАР). Проектот е финансиран од Шведската агенција за меѓународна соработка и развој (СИДА). Со потпишување на меморандумите започна и официјалниот дел на имплементацијата на проектот на локално ниво.

### Јакнење на способноста на општините за испорачување на инклузивно и одржливо управување со отпадот

На локално ниво, веќе е изработена и студија за состојбата со отпадот во овој дел од земјата, а главниот фокус на проектот се активности со избраните пилот-општини, со локалните комунални претпријатија и со нивните жители, како и планирање и испорака на услуги на управување со отпад во согласност со насоките на ЕУ, новото национално законодавство и стратешкиот план за отпад. Главниот очекуван резултат е да се подобри практиката за планирање за управување со отпадот и да се зајакне способноста на партнерските општини да испорачуваат инклузивно и одржливо управување со отпадот на локално ниво. Проектот тесно ќе соработува со овие шест пилот-општини во Југозападниот и Пелагонискиот Регион кои заедно формираат еден регион за управување со отпад, во согласност со новиот регионален систем за управување со отпад во земјата. Останатите 12 општини од овие два региона, исто така ќе можат да имаат полза преку изработка на

## GJASHTË KOMUNA FIRMOSËN MEMORANDUM PËR BASHKËPUNIM LIDHUR ME IMPLEMENTIMIN E PROJEKTIT „MENAXHIM I QËNDRUESHËM ME MBETURINAT NË NIVEL LOKAL”

Manastiri, Prilepi, Novaci, Ohri, Kërçova dhe Pllasnica janë gjashtë komunat nga Rajoni Jugperëndimor dhe nga Rajoni i Pellagonisë që në katër vitet e ardhshme do të marrin pjesë në implementimin e projektit „Menaxhim i qëndrueshëm me mbeturinat në nivel lokal”. Me këtë rast, më 5 qershor, 2023 në Shkup u mbajt konferenca hyrëse në bazë të të cilës firmosën memorandum për bashkëpunim me partnerët e projektit: BNJVL, Ministria për mjedis jetësor dhe planifikim hapësinor, Ministria për vetëqeverisje lokale si dhe SALAR International, pjesë e Asociacionit Suedez të pushteteve lokale dhe rajonale SALAR. Projekti financohet nga Agjencia Zvicërane për bashkëpunim ndërkombëtar dhe zhvillim SIDA. Me firmosjen e memorandumeve filloi edhe pjesa zyrtare e implementimit të projektit në nivel lokal.

### Përforcim i aftësisë së komunave për dërgesën e menaxhimit inkluziv dhe të qëndrueshëm me mbeturinat

Në nivel lokal, tashmë është përgatitur një studim për situatën e mbetjeve në këtë pjesë të vendit dhe fokusi kryesor i projektit janë aktivitetet me pilot komunat e përzgjedhura, me ndërmarrjet komunale lokale dhe banorët e tyre, si dhe planifikimi dhe ofrimi i shërbimeve të menaxhimit me mbeturinat në përputhje me udhëzimeve e BE-së, legjislacionin e ri kombëtar dhe planin strategjik për mbeturina. Rezultati kryesor i pritur është përmirësimi i praktikave të planifikimit të menaxhimit të mbeturinave dhe përforcimi i aftësisë së komunave partnere për të ofruar menaxhim gjithëpërfshirës dhe të qëndrueshëm të mbeturinave në nivel lokal. Projekti do të bashkëpunojë ngushtë me këto gjashtë pilot komuna në Rajonin Planifikues Jugperëndimor dhe Rajonin Planifikues të Pellagonisë që së bashku formojnë një rajon të menaxhimit të mbetjeve, konform sistemit të ri rajonal të menaxhimit të mbetjurinave në vend. 12 komunat që kanë ngelur, nga këto dy rajone, do të kenë gjithashtu mundësinë të përfitojnë



локални акциски планови (ЛАП), споделени најдобри примери и воведени модели за подобра меѓуопштинска соработка и координација. Проектот применува советодавен и инклузивен пристап кој се темели на човековите права во поддршката на целните општини, за да го унапреди општинското работење на управување со отпадот и да помогне да се создаде чиста и безбедна средина за луѓето. Земајќи ги предвид човековите права и родовите прашања, ќе се поведе грижа услугите да допрат до различни категории луѓе и во руралните и во урбаните средини.

## ЗЕЛС како партнер во проектот ќе придонесе за пренесување на добрите примери во сите општини во земјата

Во име на општините на конференцијата се обрати Душица Перишиќ, извршна директорка на ЗЕЛС која посочи дека управувањето со отпадот е една од важните услуги што единиците на локалната самоуправа треба да им ги испорачаат на своите граѓани. Недостатокот на финансиски средства за изработка на студии и на проекти, како и за инвестирање во инфраструктура, особено изградба на стандардизирани депонии и затворање на дивите депонии, потоа изградба на рециклажни и собирни центри, како и обезбедување на опрема за одлагање, но и за пренесување на отпадот, беше главната причина поради која во 2018 година, единиците на локалната самоуправа, со одлуки на општинските совети, ја овластија централната власт за спроведување на овој дел од надлежноста. – „Денес сме сведоци дека работите се придвижуваат во позитивна насока и ме радува фактот што соработката меѓу ЗЕЛС и САЛАР Интернационал, со финансиска поддршка од СИДА (Шведската агенција за меѓународен развој), е насочена кон пилот-општини од Југозападниот и Пелагонискиот Регион, каде ЗЕЛС ја има улогата, нивните конечни резултати да ги пренесе на сите општини. Овие шест општини ќе добијат поддршка за јакнење на капацитетите на општинската администрација за изработка на соодветна документација, но и за развивање на свесноста кај населението за селектирање на отпадот. Сепак она што сакам да го потенцирам е крајна

përmes krijimit të planeve aksionale lokale (PAL), praktikave më të mira të përbashkëta dhe prezantimit të modeleve për bashkëpunim dhe koordinim më të mirë ndërkomunal. Projekti zbaton një qasje konsultative dhe gjithëpërfshirëse të bazuar në të drejtat e njeriut në mbështetjen e komunave qëllimore, për të avancuar punën e komunave të menaxhimit të mbeturinave dhe për të ndihmuar në krijimin e një mjedisi të pastër dhe të sigurt për njerëzit. Duke marrë parasysh të drejtat e njeriut dhe çështjet gjinore, do të kujdeset që shërbimet të arrijnë kategori të ndryshme njerëzish në zonat rurale dhe urbane.

## BNJVL si partner në projektin në fjalë do të kontribuojë për bartjen e shembujve të mirë në të gjitha komunat në vend

Në konferencë në emër të komunave foli drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së, Dushica Perishiq, e cila theksoi se menaxhimi i mbeturinave është një nga shërbimet e rëndësishme që njësitë e vetëqeverisjes lokale duhet t'ua ofrojnë qytetarëve të tyre. Mungesa e burimeve financiare për përgatitjen e studimeve dhe projekteve, si dhe për investime në infrastrukturë, veçanërisht ndërtimin e deponive të standardizuara dhe mbylljen e deponive të zeza, më pas ndërtimin e qendrave të riciklimit dhe grumbullimit, si dhe sigurimin e pajisjes për asgjësim, por edhe për transferimin e mbeturinave ishte arsyeja kryesore që në vitin 2018, njësitë e vetëqeverisjes lokale, me vendime të këshillave komunale, autorizuan pushtetin qendror për zbatimin e kësaj pjese të kompetencës. „Sot jemi dëshmitarë se gjërat po ecin në drejtim pozitiv dhe më gëzon fakti se bashkëpunimi ndërmjet BNJVL-së dhe SALAR International, me përkrahje financiare nga SIDA - Agjencia Suedeze për Zhvillim Ndërkombëtar, ka për qëllim që pilot komunat nga Rajonet Jugperëndimore dhe Pellagonia ku BNJVL ka rolin që rezultatet përfundimtare t'ua përcjellë të gjitha komunave. Këto gjashtë komuna do të marrin mbështetje për përforcimin e kapaciteteve të administratës komunale për përgatitjen e dokumentacionit përkatës, por edhe për ngritjen e vetëdijes së popullatës për selektimin e mbeturinave. Megjithatë, ajo që dua të theksoj



заложба од сите нас за соодветна имплементација на законските одредби и неселективно изрекување на казнените одредби, бидејќи заштитата на природата и обезбедувањето на здрава животна средина се од приоритетно значење за сите, додаде на крајот од своето обраќање извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ.

-„Веруваме дека овој проект ќе ни помогне да го зајакнеме управувањето со животната средина и да ги подобриме системите за управување со отпад низ целата земја. Овој потфат не е значаен само од аспект на усогласување со ЕУ, туку се работи за поттикнување на одржлив развој, заштита на нашите природни ресурси и подобрување на квалитетот на животот на нашите граѓани," изјави министерката за животна средина и просторно планирање, Каја Шукова, која додаде дека токму затоа започнувањето на имплементацијата на овој проект симболично е поврзан со датумот 5 јуни - Светски ден на животната средина".

Рајан Нокс, извршниот директор на САЛАР Интернационал, посочи дека експоненцијалниот раст на отпадот бара соработка, иновативни идеи и промени во практиката за да се обезбеди поодржлива иднина. Усвојувајќи единствен пристап, проектот ќе работи со различни нивоа на управување, односно локално, регионално и на национално ниво.

është përkushtimi përfundimtar i të gjithëve për zbatimin e duhur të dispozitave ligjore dhe vendosja pa kriter e dispozitave penale, sepse mbrojtja e natyrës dhe sigurimi i një mjedisi të shëndetshëm jetësor janë me rëndësi parësore për të gjithë. , shtoi në fund të fjalimit të saj, drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së, Dushica Perishiq.

-Jemi të besimit se ky projekt do të n'a ndihmojë të përforcojmë menaxhimin mjedisor dhe të përmirësojmë sistemet e menaxhimit të mbeturinavee në të gjithë vendin. Kjo ndërmarrje nuk është e rëndësishme vetëm për sa i përket përputhshmërisë me BE-në; ka të bëjë me nxitjen e zhvillimit të qëndrueshëm, mbrojtjen e burimeve tona natyrore dhe përmirësimin e cilësisë së jetës së qytetarëve tanë - theksoi Ministrja për mjedis jetësor dhe planifikim hapësinor, Kaja Shukova, e cila theksoi se pikërisht për këtë arsye është edhe fillimi i zbatimit të këtij projekti dhe lidhet simbolikisht me datën 5 Qershor - Dita Botërore e mjedisit jetësor.

Rajan Noks, drejtori ekzekutiv i SALAR International, përmendi se rritja eksponenciale e mbeturinave kërkon bashkëpunim, ide inovative dhe ndryshime të praktikave që të sigurohet e ardhshme e qëndrueshme. Duke miratuar qasjen e vetme, projekti do të punojë me nivele të ndryshme të menaxhimit, respektivisht niveli lokal, rajonal dhe nacional.








## ОБЕЗБЕДЕН НОВ ЦИКЛУС ЗА ОБУКА И ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТ НА КАНДИДАТИТЕ ЗА ЛИЦЕНЦА ЗА СТЕКНУВАЊЕ ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ВОДЕЊЕ ПОСТАПКА ЗА ОТУЃУВАЊЕ И ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Интересот кај општините за пријавување на почетна обука и за полагање испит за стекнување овластување за водење постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште во државна сопственост, е голем. Главната причина е што повеќе општински службеници треба да ја обноват претходно стекнатата лиценца, која е во времетраење од пет години, но има и нови кандидати кои за прв пат минуваат низ целиот процес. Во некои единици на локалната самоуправа, дел од лиценцираните службеници заминуваат во пензија или на друго работно место, со што се нарушува потребниот број на лица, што во согласност со законските прописи општината треба да го обезбеди, а некои општини вработиле нови службеници во оваа област.

Во таа насока, Комисијата за следење на процесот на организирање и спроведување обука и испит, на крајот на мај, објави нов оглас за пријавување на кандидатите од општинската администрација. На почетната обука присутните се запознаа со законската регулатива од оваа област, динамична материја проследена и со одредени измени во прописите, но истовремено и комплексна од аспект на имотноправните и другите постапки што треба да се спроведуваат. Лицата што ја проследија почетната обуката на 5 јуни 2023 година, во ЗЕЛС тренинг центарот, имаа можност да го полагаат теоретскиот, а потоа и практичниот дел од испитот, што беше организиран на 3 јули 2023 година, како и на 10 јули 2023. Обуката се реализира во организација на ЗЕЛС и во соработка со Министерството за транспорт и врски. Полагањето се спроведува електронски, во Испитниот центар на Европскиот универзитет, а резултатите се објавуваат на веб-страницата на ЗЕЛС (www.zels.org. mk) веднаш по завршувањето на испитот.

## SIGURIMI I CIKLIT TË RI PËR TRAJNIM DHE DHËNIA E PROVIMIT TË KANDIDATËVE PËR LICENCË PËR MARRJEN E AUTORIZIMIT PËR UDHËHEQJEN E PROCEDURËS PËR TJETËRSIM DHE DHËNIE ME QIRA TË TOKËS NDËRTIMORE NË PRONËSI TË SHTETIT

Interesimi i shfaqur është tejet i madh te komunat për regjistrimin në trajnimin fillestar dhe për dhënien e provimit për marrjen e autorizimit për udhëheqjen e procedurës për tjetërsim dhe dhënie me qira të tokës ndërtimore në pronësi të shtetit. Arsyeja kryesore është që shumë nëpunës komunalë duhet të përtërijnë licencën e paraprakisht të fituar, e cila është në kohëzgjatje prej pesë vite, por ka edhe kandidatë të ri të cilët për herë të parë kalojnë nëpër mbarë procesin. Respektivisht, në disa njësi të vetëqeverisjes lokale, një pjesë e nëpunësve të licencuar shkojnë në pension ose në vend tjetër pune, me ç'rast shpërbëhet numri i nevojshëm i personave që është konform dispozitave ligjore, komuna duhet të sigurojë këtë, ndërsa disa komuna kanë punësuar nëpunës të ri në këtë lëmi.

Në këtë drejtim, Komisioni për monitorimin e procesit të organizimit dhe zhvillimit të trajnimeve dhe provimeve, në fund të muajit maj ka publikuar shpalljen e re për regjistrimin e kandidatëve nga administrata komunale. Në trajnimin fillestar, të pranishmit u njohën me rregulloret ligjore në këtë fushë, një çështje dinamike e shoqëruar me ndryshime të caktuara në rregullore, por në të njëjtën kohë komplekse për sa i përket të drejtës pronësore dhe procedurave të tjera që duhet zbatuar. Personat që e ndoqën trajnimin fillestar më 5 qershor, 2023 në Qendrën e trajnimeve të BNJVL-së, patën mundësi të hyjnë në pjesën teorike të trajnimit, ndërsa pastaj në pjesën praktike të po të njëjtit, që u organizua më 3 korrik, 2023, si dhe më 10 korrik, 2023. Trajnimi realizohet në organizim të BNJVL-së ndërsa në bashkëpunim me Ministrinë për transport dhe lidhje. Provimi realizohet në mënyrë elektronike, në Qendrën për provime të Universitetit të Evropës, ndërsa rezultatet shpallen në faqen e internetit të BNJVL-së (www.zels.org. mk) menjëherë pas përfundimit të trajnimit.










## ЗЕЛС ОБЕЗБЕДИ НАДГРАДУВАЊЕ НА ПОСТОЈНАТА ЕЛЕКТРОНСКА ПЛАТФОРМА ЗА РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ

ЗЕЛС обезбеди надградување на постојната електронска платформа за родово одговорно буџетирање (www.rob.zels.org.mk) со поставување на нова алатка за родово разделени податоци, именувана - „статистика“. Преку оваа алатка, сите податоци што ќе се внесуваат на платформата од страна на одговорните лица од општините, ќе бидат обработувани на начин што ќе го отсликуваат нивниот родов аспект, а воедно е обезбедена можност податоците да бидат прикажани во различни попрегледни визуелни форми (графикони, „пити“ и слично). На овој начин, општините ќе креираат сопствени бази со релевантни родово разделени податоци, односно, со вака унапредената алатка за родово разделена статистика, општините ќе имаат и подобрен пристап при планирање на потребите од родов аспект.

### Спроведена обука за претставници од општинската администрација за користење на новата алатка

Со цел подетално запознавање со спроведените промени на електронската платформа за родова еднаквост, ЗЕЛС, на 7 јуни 2023 година, во ЗЕЛС тренинг центарот, организираше обука за одговорните лица од општините кои ќе работат на платформата, како и за координаторите за еднакви можности на жените и мажите од општините. Обуката беше поделена во два дела. Во првиот дел беше претставена целокупната содржина на е-платформата и целта заради која е креирана. Со помош на податоците кои се разделени по род и број, општините ќе може да вршат родови анализи и истражувања што ќе им користат при креирањето на соодветни родови политики, стратегии, планови за подобрување или надминување на одреден предизвик на жителите/жителките на општината, а во насока на обезбедување на еднаквост меѓу мажите и жените на локално ниво. Родово разделените податоци се особено важни и при креирањето на општинските програми и буџетот. Обуката за начинот на користење на платформата беше спроведена од компанијата „Интелигента“, која ја разви оваа платформа и веќе подолг период ја одржува. При практичното презентирање за користење на е–платформата, беа користени статистичките податоци внесени од Општина Аеродром, а присутните имаа можност практично да вежбаат како да се најават, да ги внесат потребните податоци, како да направат промени или некои корекции, користејќи ги можностите на алатката „статистика“. Присутните дадоа и



## BNJVL SIGURON AVANCIMIN E PLATFORMËS ELEKTRONIKE EKZISTUESE PËR BUXHETIM PËRGJEGJËS PËR BARAZI GJINORE

BNJVL siguroi avancimin e platformës elektronike për buxhetim përgjegjës për barazi gjinore (www.rob.zels.org.mk) me themelimin e instrumentit të ri për të dhënat ndarëse në bazë gjinore të titulluar - „statistika”. Përmes këtij instrumenti, të gjitha të dhënat do të vendosen në platformë nga ana e personave përgjegjës nga komunat, do të përpunohen në mënyrë që do të paraqitet aspekti i tyre gjinor, ndërsa njëkohësisht do të sigurohet mundësia e të dhënave të paraqiten me forma të ndryshme vizuale siç janë grafikët e tjera. Në këtë mënyrë, komunat do të krijojnë baza personale me të dhëna të ndara sipas gjinisë e që do të jenë relevante, respektivisht me një instrument të këtillë të avancuar, komunat do të kenë edhe qasje më të mirë gjatë planifikimit të aspekteve të nevojshme gjinore.

### Trajnim i zbatuar për përfaqësuesit e administratës komunale për shfrytëzimin e instrumentit të ri

Me qëllim të shpjegimit më detajues të mundësive dhe mënyrave të shfrytëzimit të instrumentit në fjalë nga ana e komunave, për nevojat e të cilave edhe është krijuar, BNJVL organizoi trajnim më 07 qershor, 2023 në Qendrën e trajnimeve të BNJVL-së për personat përgjegjës të cilët do të punojnë në këtë platformë dhe për koordinatorët për barazi midis femrave dhe meshkujve në kuadër të komunës. Trajnimi u nda në dy pjesë. Në pjesën e parë u prezantua përmbajtja e përgjithshme e e-platformës dhe qëllimin për të cilin edhe është krijuar. Me ndihmën e të dhënave të ndara sipas gjinisë dhe numrit, komunat do të mund të kryejnë analiza dhe hulumtime gjinore që do të jenë të dobishme në krijimin e politikave, strategjive, planeve të përshtatshme gjinore për përmirësimin apo tejkalimin e një sfide të caktuar të banorëve të komunës si dhe në drejtim të garantimit të barazisë midis femrave dhe meshkujve në nivel lokal. Të dhënat e ndara sipas gjinisë janë veçanërisht të rëndësishme gjatë krijimit të programeve dhe buxheteve komunale. Trajnimi për mënyrën e përdorimit të platformës është bërë nga kompania “Intelligenta”, e cila e ka zhvilluar këtë platformë dhe e mirëmban atë ndër vite. Gjatë prezantimit praktik për përdorimin e e-platformës, u shfrytëzuan të dhënat statistikore të komunës së Aerodromit, lidhur me mënyrën e regjistrimit, vendosjes së të dhënave apo ndryshimeve duke përdorur aftësitë e instrumentit „statistika”, si pjesë e platformës. Të pranishmit në trajnim






свои сугестии за подобрување на терминологијата на поимите што ќе се користат за пополнување и читање на податоците, како и во делот за внесување на поткатегории. Низ процесот на внесување и користење на платформата, сите одговорни, именувани лица ќе добиваат континуирана поддршка од ИТ-лицата во ЗЕЛС, по претходно добиена лозинка и корисничко име преку ЗЕЛС.

### Презентирани новите девет дополнувања на Европската повелба за родова еднаквост

Во вториот дел од обуката беа презентирани новите девет (9) дополнувања на Европската повелба за родова еднаквост, изработена од Советот на европски општини и региони (CEMR). Всушност, станува збор за дополнета верзија на Европската повелба за родова еднаквост. Пред присутните беше нагласена улогата на ЗЕЛС во унапредувањето на родовата еднаквост во општините и во промовирањето на Повелбата. Со потпишувањето на Европската повелба за родова еднаквост, општината станува дел од европската мрежа на општини кои посветено работат на унапредување на родовата еднаквост и може да разменуваат примери на европско ниво. Новите потписници на Европската повелба се обврзуваат на имплементирање на сите 39 члена и во рок од две години треба да изработат акциски план во кој ќе бидат опфатени активности за нивна имплементација. Во иднина, ќе се следи имплементацијата на акциските планови од сите земји потписнички на Повелбата со цел да се утврди колку од активностите и политиките се спроведени во практика и какви промени тие направиле во локалната заедница. Досега во нашата земја Повелбата ја усвоиле 21 општина и тие и понатаму се сметаат дека се потписнички, но треба да направат акциски план во кој ќе бидат додадени новите 9 члена од ревидираната верзија на Повелбата. Новата верзија од Европската повелба, ЗЕЛС ја испрати до сите општини со потсетување општините кои досега не се потписнички што поскоро да го сторат тоа, а особено апелираше на важноста од нејзино спроведување во секоја локална заедница.

dhanë sugjerime shtesë për përmirësimin e terminologjisë së termave që do të përdoren për plotësimin dhe leximin e të dhënave, si dhe futjen e nënkategorive. Gjatë gjithë procesit të regjistrimit dhe përdorimit të platformës në fjalë, të gjithë personat përgjegjës, të emëruar, do të marrin mbështetje të vazhdueshme nga stafi i TI-së në BNJVL, pas fjalëkalimit dhe emrit të përdoruesit të pranuar më parë përmes BNJVL-së.

### U prezantuan nëntë risitë e plotësuara në Kartën Evropiane për barazi gjinore

Në pjesën e dytë të trajnimit u prezantuan nëntë (9) risitë e plotësuara të ë Kartës Evropiane për Barazi Gjinore, të përpiluar nga Këshilli i Komunave dhe Rajoneve të Evropës - CEMR. Në të vërtetë bëhet fjalë për versionin e plotësuar të Kartës Evropiane për barazi gjinore. Para të pranishmëve u theksua roli i BNJVL-së në promovimin e barazisë gjinore në komuna dhe në promovimin e Kartës. Me nënshkrimin e Kartës Evropiane për Barazi Gjinore, komuna bëhet pjesë e rrjetit evropian të komunave që janë të përkushtuara për promovimin e barazisë gjinore dhe mund të shkëmbejnë praktika në nivel evropian. Nënshkruesit e ri të Kartës Evropiane obligohen për të 39 nenet, si dhe për atë se brenda 2 viteve do të hartojnë plan aksional sipas ankesave të 39 neneve dhe do të monitorohet zbatimi i planit me qëllim përcaktimi se sa nga aktivitetet dhe politikat janë vënë në praktikë dhe çfarë ndryshimesh kanë bërë ato në bashkësinë lokale. Deri më tani në vendin tonë Kartën në fjalë e kanë miratuar 21 komuna dhe të njëjtat edhe më tej konsiderohen si nënshkruese, por duhet të bëjnë plan aksional në të cilin do të shtohen 9 nenet e reja nga versioni i rishqyrtuar i Kartës. Versionin e ri nga Karta Evropiane, BNJVL e dërgoi deri te të gjitha komunat me rikujtim që komunat të cilat deri më tani nuk janë nënshkruese sa më shpejtë të bëjnë këtë, ndërsa veçanërisht apeloi për rëndësinë e zbatimit të saj në çdo bashkësi lokale.





# ГОЛЕМ ИНТЕРЕС НА ОПШТИНИТЕ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ЗЕЛС ЗА ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ОПШТИНСКИТЕ СОВЕТИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Првиот циклус од реализацијата на активностите на ЗЕЛС за јакнење на капацитетите на членовите на општинските совети за социјална заштита, заврши на почетокот на јуни 2023 година, со обуката што беше реализирана во Општина Куманово. Во овие активности учествуваат општини кои доброволно изразија интерес за повикот на ЗЕЛС и се пријавија за еднодневната обука што се организираше во просториите на Општината. Обуката опфаќа информации за законските обврски на Советот, активностите што се во негова надлежност, а особено внимание се посветува на неопходноста од воспоставувањето на заемна комуникација и соработка на сите локални и национални институции и невладини здруженија во конкретната единица на локална самоуправа, во насока на обезбедување најсоодветни потребни услуги за населението и обезбедување социјална заштита на оние граѓани на кои им е најпотребна. Всушност, и членовите во составот на Советот за социјална заштита се претставници од најрелевантните институции: претставници на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, полиција, образовни институции, здруженија на граѓани, како и даватели на социјални услуги.

Во овој прв циклус беа опфатени околу 50 членови на советите од општините: Битола, Велес, Аеродром, Арачиново и Куманово. Сите овие општини преземаат квалитетни активности на подрачјето на социјалната заштита и даваат соодветна поддршка на Советот. Исто така, најголем број од нив имаат усвоено социјален план на општината, што е одреден показател за сериозноста во дејствувањето на општината во ова подрачје и стремеж за континуирано подобрување и усовршување.

### Квалитетни позитивни примери од општините во обезбедувањето на соодветни социјални услуги

Во овие општини беа забележани квалитетни примери во обезбедување на соодветни социјални услуги, што можат да бидат позитивни искуства и за другите општини. Последната обука од овој прв циклус беше организирана во **Општина Куманово** на 1 јуни 2023 година. Оваа општина обезбедува низа социјални услуги во соработка со лиценцирани здруженија на граѓани меѓу кои се: рехабилитација и реинтеграција на возрасни лица со умерена и тешка интелектуална попреченост; услуги за советување на жртвите на родово базирано и семејно насилство; услуги за помош на стари лица во домашни услови; дневни услуги за децата со попреченост во Општина Куманово и услуги за дневен престој на децата на улица. Во 2023 година



# INTERESIM I MADH I KOMUNAVE PËR AKTIVITETET E BNJVL-SË PËR PËRFORCIMIN E KAPACITETEVE TË KËSHILLAVE KOMUNALE PËR MBROJTJEN SOCIALE

Cikli i parë i realizimit të aktiviteteve të BNJVL-së për përforcimin e kapaciteteve të anëtarëve të ri të këshillave komunale për mbrojtjen sociale, përfundoi në fillim të qershorit 2023 me trajnimin që u realizua në komunën e Kumanovës. Në këto aktivitete morën pjesë komunat të cilat paraqitën interesim vullnetarisht për thirrjen e BNJVL-së për pjesëmarrje në trajnimin njëditor që u organizua në hapësirat e komunës. Trajnimi përfshin informacione për dispozitat ligjore të Këshillit, aktivitetet që janë në kompetencë të tij, ndërsa vëmendje e veçantë i përkushtohet domosdoshmërisë nga vendosja e komunikimit të ndërsjellë dhe bashkëpunimit të të gjitha institucioneve lokale dhe nacionale dhe shoqatave joqeveritare në njësinë konkrete të vetëqeverisjes lokale, në drejtim të sigurimit të shërbimeve më adekuate të nevojshme për popullatën dhe sigurimi i mbrojtjes sociale të atyre qytetarëve të cilëve u nevojitet më së shumti. Në të vërtetë, edhe anëtarët në përbërjen e Këshillit për mbrojte sociale janë përfaqësuesit e institucioneve më relevante: përfaqësuesit e IP Qendra ndërkomunale për punë sociale, policia, institucionet arsimore, shoqatat e qytetarëve, si dhe ofruesit e shërbimeve sociale.

Në këtë cikël të parë përfshiheshin rreth 50 anëtarë të këshillit nga komunat: Manastir, Veles, Aerodrom, Haraçinë dhe Kumanovë. Të gjitha këto komuna ndërmarrin aktivitete cilësore në fushën e mbrojtjes sociale dhe ofrojnë mbështetje adekuate për Këshillin. Gjithashtu, pjesa më e madhe e tyre kanë miratuar planin social të komunës, i cili është një tregues i caktuar i seriozitetit të veprimeve të komunës në këtë fushë dhe i përpjekjes për përmirësim dhe përmirësim të vazhdueshëm.

### Shembuj cilësorë pozitivë nga komunat në sigurimin e shërbimeve adekuate sociale

Në këto komuna u vërejtën shembuj cilësorë në sigurimin e shërbimeve adekuate sociale, që mund të jenë përvoja pozitive edhe për komunat tjera. Trajnimi i fundit nga ky cikël i parë u organizua në **Komunën e Kumanovës** më 1 qershor 2023. Kjo komunë siguron një varg shërbime sociale në bashkëpunim me shoqatat civile të ndër të cilat janë: rehabilitimi dhe riintegrimi i të rriturve me aftësi të kufizuara intelektuale të moderuara dhe të rënda; shërbime këshillimi për viktimat e dhunës me bazë gjinore dhe në familje; shërbime për të ndihmuar të moshuarit në shtëpi; Shërbimet ditore për fëmijët me aftësi të kufizuara në Komunën e Kumanovës



Општина Куманово издвојува 3.000.0000 денари, исклучиво за поддршка на социјалните услуги на локално ниво, кои им се доделуваат на лиценцирани здруженија, по пат на јавен повик. Исто така, во Општина Куманово се спроведуваат и социообразовните услуги: образовна и лична асистенција на учениците со попреченост вклучени во средното образование.

**Општина Арачиново** има формирано општински совет за социјална заштита, а во моментов го подготвува социјалниот план на општината. Како приоритетни услуги за понатамошна поддршка, идентификувани се услугата на дневен престој и услугата на рехабилитација и реинтеграција за деца и возрасни лица со попреченост.

**Општина Аеродром**, соочувајќи се со недостатокот на згрижување на децата од предучилишна возраст, обезбедила средства од сопствени извори за изградба на нова детска градинка што е пуштена во употреба. Во областа на социјалните услуги, општината финансира услуги за рехабилитација и реинтеграција за децата со попреченост. Имено, секое дете со попреченост од општината има право на бесплатни часови по пливање и спортски активности.

**Општина Битола** пак, поддржува помош и нега на стари лица во домашни услови, лична асистенција, финансирање на услугата образовни асистенти, како и услуги на советување за жртвите на родово базирано и семејно насилство. Општината, исто така, обезбедува толкувач на знаковен јазик и придружба за глувите лица во институции, и едукатор на брајово писмо за лицата кои подоцна го изгубиле видот, како и едукатори и дневен престој за деца од ранливите групи во Центарот за поддршка на образованието. Општината и финансиски ги поддржува часовите за социјални вештини за децата со типичен и атипичен развој и ја финансира поддршката за адаптација на физичката пристапност во домот на лицата со попреченост.

**Општина Велес** обезбедува поддршка за услугите: живеење со поддршка (две станбени единици се адаптирани за самостојно живеење за 10 лица со попреченост), помош и нега на стари лица во домашни услови; лична асистенција на лицата со ограничена мобилност и финансирање на услугата образовни асистенти. Како позитивен пример за социјална инклузија на лицата со попреченост се двете лица со попреченост вработени во Општината.

Вториот циклус обуки ќе се реализира од септември 2023 година, во општините: Карпош, Чаир, Боговиње, Радовиш, а третиот циклус ќе започне од следната година. Интересот на општините за оваа активност на ЗЕЛС е голем, бидејќи, како што велат учесниците, преку обуките на ЗЕЛС секогаш добиваат знаења што им се најпотребни и кои се конкретно употребливи во практичното секојдневно работење.

dhe shërbimet ditore për fëmijët e rrugës. Në vitin 2023, Komuna e Kumanovës ndan 3.000.000 denarë, ekskluzivisht për mbështetjen e shërbimeve sociale në nivel lokal, të cilat u ndahen shoqatave të licencuara, përmes thirrjes publike. Po ashtu, në Komunën e Kumanovës realizohen shërbime socio-edukative: asistencë arsimore dhe personale për nxënësit me aftësi të kufizuara të regjistruar në arsimin e mesëm.

**Komuna e Haraçinës** ka formuar këshill komunal për mbrojtjen sociale, ndërsa për momentin e përpilon planin social të komunës. Si shërbime prioritare për përkrahjen e mëtejme, janë identifikuar shërbimet e qëndrimit ditor dhe shërbimet e rehabilitimit dhe riintegrimit për fëmijët dhe personat e moshuar me aftësi të kufizuara.

**Komuna e Aerodromit**, e përballur me mungesën e përkujdesjes për fëmijët e moshës parashkollore, siguroi mjete nga burimet e veta për ndërtimin e një çerdheje të re që është vënë në përdorim. Në fushën e shërbimeve sociale, komuna financon shërbime rehabilitimi dhe riintegrimi për fëmijët me aftësi të kufizuara. Domethënë, çdo fëmijë me aftësi të kufizuar nga komuna ka të drejtën e mësimit të notit dhe aktiviteteve sportive falas.

**Komuna e Manastirit**, në anën tjetër, mbështet ndihmën dhe kujdesin për të moshuarit në kushte shtëpiake, asistencën personale, financimin e shërbimit të asistentëve edukativë, si dhe shërbimet këshilluese për viktimat e dhunës në bazë gjinore dhe dhunës në familje. Komuna ofron gjithashtu një përkthyes të gjuhës së shenjave dhe përcjellje për personat e shurdhër në institucione, dhe një edukator braille për njerëzit që më vonë humbën shikimin, si dhe edukatorë dhe kujdes ditor për fëmijët nga grupet e ndjeshme në Qendrën për Mbështetjen e Arsimit. Komuna gjithashtu mbështet financiarisht klasat e aftësive sociale për fëmijët me zhvillim tipik dhe atipik dhe financon mbështetjen për përshtatjen e aksesueshmërisë fizike në shtëpinë e personave me aftësi të kufizuara.

**Komuna e Velesit** ofron mbështetje për shërbimet: jetesë e asistuar (dy njësi banimi janë përshtatur për banim të pavarur për 10 persona me aftësi të kufizuara), ndihmë dhe kujdes për të moshuarit në kushte shtëpiake; asistencë personale për personat me lëvizshmëri të kufizuar dhe financimi i shërbimit të asistentëve arsimorë. Si shembull pozitiv i përfshirjes sociale të personave me aftësi të kufizuara janë dy personat me aftësi të kufizuara të punësuar në Komunë.

Cikli i dytë i trajnimeve do të realizohet nga shtatori 2023, në komunat: Karposh, Çair, Bogovinë, Radovish, ndërsa cikli i tretë do të fillojë nga viti i ardhshëm. Interesimi i komunave për këtë aktivitet të BNJVL-së është i madh, pasi që siç thonë pjesëmarrësit, përmes trajnimeve të BNJVL-së çdoherë fitojnë dituri që u janë më të nevojshme dhe që janë më të përdorueshme konkretisht në punën e përditshme praktike.







## КОМИСИЈАТА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА СИСТЕМОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ЈА ОДРЖА 48-ТА СЕДНИЦА ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ЗЕЛС

Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, (каде што мнозинскиот број членови се градоначалници, а останатите се претставници од централната власт), на 8 јуни 2023 година, во просториите на ЗЕЛС ја одржа 48-та седница. Присутните дискутираа за Годишниот извештај за приходите и расходите на општините за 2021 година и за Полугодишниот извештај за приходите и расходите на општините за 2022 година, а ја усвоија и Предлог-уредбата за методологијата за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2024 година. Поради отсуството на претставникот од Министерството за образование и наука, кој требаше да ја презентира новата Предлог-уредба за методологијата за утврдување на распределбата на блок дотации за основното образование, со предложените реформи во оваа област, оваа точка беше одложена. Претставниците од локалната самоуправа ја одложија и точката за која требаше да се дискутира - предизвиците и начинот на финансирање на противпожарните единици, додека за Предлог-уредбата за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации од областа на културата, за 2024 година, беа изнесени низа забелешки и предлози за промени во финансирањето на оваа надлежност, и таа не беше прифатена.

### Итно редефинирање на политиките за блок дотациите и на капиталните инвестиции за општините, став на Комисијата

Градоначалниците упатија забелешки за доцнењето на извештаите на Министерството за финансии и беспредметноста на отворање дискусија за стари податоци кои се однесуваат за

## KOMISIONI PËR NDJEKJEN E ZHVILLIMIT TË SISTEMIT PËR FINANCIM TË NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE MBAJTI SEANCËN E 48-TË NË HAPËSIRAT E BNJVL-SË

Komisioni për ndjekjen e zhvillimit të sistemit për financim të njësive të vetëqeverisjes lokale, (ku numri më i madh i anëtarëve janë kryetarë të komunave, ndërsa të tjerët janë përfaqësuesit e pushtetit qendror), më 8 qershor 2023, në hapësirat e BNJVL-së mbajti seancën e 48-të. Të pranishmit diskutuan lidhur me Raportin vjetor për të hyrat dhe të dalat e komunave për vitin 2021 dhe për Raportin gjysmëvjetor për të hyrat dhe të dalat e komunave në vitin 2022, ndërsa miratuan Propozim-Rregulloren për metodologjinë për shpërndarjen e të hyrave nga tatimi i vlerës së shtuar nëpër komuna për vitin 2024. Për shkak të mungesës së përfaqësuesit të Ministrisë për arsim dhe shkencë, i cili duheshte të prezantojë Propozim-Rregulloren për metodologjinë për përcaktim të shpërndarjes së bllok dotacioneve për arsimin fillor, me reformat e propozuara në këtë lëmi. Përfaqësuesit e vetëqeverisjes lokale e anuluan edhe pikën mbi të cilën duheshte të diskutohet – sfidat dhe mënyra e financimit të njësive zjarrfikëse, përderisa Propozim-Rregullorja për metodologjinë për përcaktim të kritereve për shpërndarjen e bllok dotacioneve nga lëmia e kulturës, për vitin 2024, u parashtruan një varg vërejtje dhe propozime për ndryshimet në financimin e kësaj kompetence, ndërsa kjo gjë nuk u pranua.

### Rishqyrtim urgjent i politikave për bllok dotacionet dhe të investimeve kapitale për komunat, qëndrim i Komisionit

Kryetarët e komunave qartësuan vërejtjet e tyre për vonesën e raporteve të Ministrisë së Financave dhe e hapjes së diskutimit të pabazë për të dhënat e vjetra që kanë të






приходите и расходите на општините за 2021 година и за првиот квартал од 2022 година. Беше побарано Министерството за финансии да направи напори и во иднина да обезбеди извештаи што ја отсликуваат состојбата, најдоцна за претходната година. Беше нагласено дека општините уште во јануари ги испраќаат сите потребни податоци, па не е јасно зошто се изработува полугодишен извештај и се пласира дури по цела една година. Присутните забележаа дека во својата содржина и двата извештаи покажуваат дека општините за извршување на своите надлежности добиваат минимални средства од државниот буџет и дека тоа мора да се промени што поитно. Ваквата состојба се отсликува негативно во сите општини и на сите полиња, а една од нив е и неможноста општините да се задолжуваат и да обезбедат поголеми капитални инвестиции за подобрување на услугите за своите граѓани. Во вакви ситуации потребно е државата да ги преземе гаранциите за финансирање на проекти на општините, особено за оние што создаваат идни приходи за локалната самоуправа. Претставниците од локалната власт отворија дискусија за потребата од комплетно редефинирање на политиките на блок дотациите и на капиталните инвестиции. Тие нагласија дека општините итно треба да ја преземат комплетната одговорност за префрлените надлежности заедно со управувањето и со блок дотациите, што би ја отсликувало вистинската децентрализација, а не за секое вработување на потребен кадар да се бара одобрение од централната власт или да се одземаат ингеренциите затоа што градоначалникот не се согласил со единствениот предлог за директор на училиште, даден од училишниот совет или за директор на градинка. Или пак, тогаш, централната власт нека преземе комплетна надлежност во овие области вклучително и територијалните противпожарни единици. Беше потенцирана и состојбата каде општината доколку не ги искористи сите средства од блок дотациите, тие ѝ се одземаат. Тоа влијае многу дестимулативно за општините да трошат рационално и да преземаат активности за намалување на некои трошоци.

Во однос на капиталните инвестиции, беше нагласено дека тие, дефинитивно, треба да им се дадат на располагање на општините, независно што станува збор за мали суми, бидејќи со нивното цепкање од разни министерства и агенции од по 5, 15 или 50 илјади евра, ниту една општина не може да направи некој посериозен капитален проект. Доколку сите овие средства , во целост им се префрлат на општините, ќе се добие позначителна сума на средства за реализација и на поголеми капитални инвестиции. Општините, во рамките на телата и органите на ЗЕЛС ќе одлучат за приоритетноста на потребите при нивната распределба. Во однос на даночните приходи, исто така, според извештаите, забележани се одредени застои, за што повторно

bëjnë me të hyrat dhe shpenzimet e komunave për vitin 2021 dhe tremujorin e parë të viti 2022. Nga Ministria për financa është kërkuar që të bëjë përpjekje dhe në të ardhmen të japë raporte që pasqyrojnë situatën, më së voni për vitin e kaluar. U theksua se komunat i dërgojnë të gjitha të dhënat e nevojshme që në janar, kështu që nuk është e qartë pse një raport gjashtëmujor përgatitet dhe publikohet vetëm pas një viti të tërë. Të pranishmit theksuan se në përmbajtjen e tyre të dy raportet tregojnë se komunat marrin mjete minimale nga buxheti i shtetit për kryerjen e kompetencave të tyre dhe se kjo duhet të ndryshohet sa më parë. Kjo situatë reflektohet negativisht në të gjitha komunat dhe në të gjitha fushat, e njëra prej tyre është pamundësia e komunave për të marrë hua dhe për të ofruar investime më të mëdha kapitale për të përmirësuar shërbimet për qytetarët e tyre. Në situata të tilla është e nevojshme që shteti të marrë garancitë për financimin e projekteve komunale, veçanërisht për ato që gjenerojnë të ardhura në të ardhmen për vetëqeverisjen lokale. Përfaqësuesit e pushtetit lokal hapën një diskutim mbi nevojën e një ripërcaktimi të plotë të bllok dotacioneve dhe politikave të investimeve kapitale. Ata theksuan se komunat duhet urgjentisht të marrin përgjegjësinë e plotë për kompetencat e bartura së bashku me menaxhmentin dhe bllok grantet, të cilat do të pasqyronin decentralizimin e vërtetë dhe jo që çdo punësim i personelit të nevojshëm të kërkojë miratimin e vetëqeverisjes lokale ose t'u tërhiqen kompetencat për atë arsye se kryetari i komunës nuk ka rënë dakord me propozimin e vetëm për drejtor shkolle të dhënë nga këshilli i shkollës apo për drejtor kopshtit për fëmijë. Ose, atëherë, le të marrë përgjegjësinë e plotë pushteti qendror në këto fusha, përfshirë njësitë territoriale zjarrfikëse. Gjithashtu u theksua situata ku nëse komuna nuk i shfrytëzon të gjitha mjetet nga bllok dotacionet, të njëjtat u tërhiqen, gjë që ka një efekt shumë dekurajues që komunat të shpenzojnë në mënyrë racionale dhe të ndërmarrin veprime për të racionalizuar apo ulur disa shpenzime.

Sa i përket investimeve kapitale, u theksua se ato patjetër duhet t'u vihen në dispozicion komunave në tërësi, pavarësisht se bëhet fjalë për shuma seriozisht të vogla, sepse duke i ndarë ato nga ministritë dhe agjencitë e ndryshme me 5, 15 apo 50 mijë euro asnjë komunë nuk mund të bëjë një projekt kapital më serioz. Përmes BNJVL-së, komunat do t'i përcaktojnë prioritetet e tyre për çdo vit dhe do të mundësohet realizimi i investimeve më të mëdha kapitale në rajone apo komuna të ndryshme që realisht do të paraqesin një projekt të dobishëm kapital. Edhe në aspektin e të hyrave tatimore, sipas raporteve, janë vërejtur vonesa,

беше нагласено за поголема активност на општините и за итноста од обезбедување на средства за електронски систем за даноци, долгогодишно барање на ЗЕЛС.

**Со номинирање на претставници од понизок ранг од администрацијата од централната власт, се девалвира улогата на Комисијата за следење на системот за финансирање на ЕЛС**

И на овој состанок, повторно беше укажано дека во ова тело претставниците од централната власт треба да бидат од највисокиот ешалон на државната администрација, со цел при утврдувањето на одредени состојби да се креираат и реализираат брзи мерки што ќе им овозможат на општините позитивни промени. Со назначувањето на администрација од понизок ранг и со евидентното отсуство од состаноците на некои од претставниците од централната власт, само се девалвира улогата на Комисијата, која, и според Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, има клучна улога во најсензитивната област за општините, а тоа е финансирањето на општините и распределбата на блок и другите дотации за локалната власт.

**Усвоена Предлог-уредбата за методологијата за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2024 година**

Присутните дискутираа и за Предлог-уредбата за методологијата за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2024 година. Повторно беше нагласено дека, како што покажуваат и извештаите на Министерството за финансии (МФ), општините добиваат многу малку финансиски средства, и дека со новиот закон и со оваа понова формула, воопшто не е подобрена финансиската стабилност на општините. Напротив, тие тонат во долгови, не можат да ги спроведуваат префрлените надлежности со посакуваниот и потребниот квалитет на услуга и неопходно е зафаќањето во полза на општините да е најмалку 50 % од персоналниот данок и најмалку 10 % од ДДВ, како што е впрочем и долгогодишниот став на ЗЕЛС. Во согласност со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, приходите од данокот на додадена вредност се распределуваат на ЕЛС во три дела: основен дел, дел за перформанси и дел за уедначување. Како и пред последните законски измени, основниот дел од приходите од ДДВ се распоредува во фиксен дел од по 3.000.000 денари за секоја ЕЛС, а променливиот дел од основниот дел од приходите од ДДВ, без општините во Град Скопје и Град Скопје се распределува според следните критериуми: 65 % според нивното учество во вкупниот број на жители;

për të cilat përsëri është theksuar për aktivitet më të madh të komunave dhe për urgjencën e sigurimit të mjeteve për sistem elektronik tatimor, kërkesë shumëvjeçare e BNJVL-së.

**Me nominimin e përfaqësuesve të rangut më të ulët të administratës nga pushteti qendror, devalvohet roli i Komisionit për ndjekjen e sistemit për financim të NJVL**

Edhe në këtë mbledhje u theksua sërish se në këtë organ përfaqësuesit e pushtetit qendror duhet të jenë nga niveli më i lartë i administratës shtetërore, në mënyrë që të krijohen dhe zbatohen masa të shpejta që do t'u mundësojnë komunave të bëjnë ndryshime pozitive gjatë përcaktimit situata të caktuara. Me emërimin e një administrate e rangut të ulët dhe me mungesën evidente në mbledhjet e disa prej përfaqësuesve të pushtetit qendror, vetëm devalvohet roli i Komisionit, i cili sipas Ligjit për financimin e njësive të vetëqeverisjes lokale ka një rol kyç në fushën më të ndjeshme për komunat, e kjo është financimi i komunave dhe shpërndarja e bllokut dotacioneve dhe dotacioneve tjera për pushtetin lokale.

**U propozua Propozim-Rregullorja për metodologjinë për shpërndarjen e të hyrave nga tatimi i vlerës së shtuar për komunat për vitin 2024**

Të pranishmit diskutuan edhe për Propozim-Rregulloren për metodologjinë e shpërndarjes së të ardhurave nga tatimi mbi vlerën e shtuar sipas komunave për vitin 2024. U theksua sërish se, siç tregojnë raportet e Ministrisë për financa (MF), komunat marrin shumë pak mjete financiare dhe se me ligjin e ri dhe me këtë formulë më të re, stabiliteti financiar i komunave nuk është përmirësuar fare. Përkundrazi, janë të fundosura në borxhe, nuk mund të zbatojnë kompetencat e transferuara me cilësinë e dëshiruar dhe të nevojshme të shërbimit dhe është e nevojshme që përvetësimi në favor të komunave të jetë së paku 50% nga tatimi personal dhe të paktën 10% të TVSH-së, siç është qëndrimi shumëvjeçar i BNJVL-së. Konform Ligjit për financim të njësive të vetëqeverisjes lokale, të hyrat nga tatimi i vlerës së shtuar shpërndahen në NJVL në tri pjesë: pjesa themelore, pjesa për performancë dhe pjesa për barazi. Si edhe para ndryshimeve të fundit ligjore, pjesa themelore e të hyrave nga TVSH shpërndahet në pjesë fikse prej nga 3.000.000 denarë për çdo NJVL. Ndërsa pjesa e ndryshueshme nga pjesa themelore nga të hyrat nga TVSH, pa përfshirë komunat në Qytetin e Shkupit dhe Qyteti i Shkupit janë shpërndarë në bazë të këtyre kritereve: 65 % në bazë të pjesëmarrjes së tyre në numrin e përgjithshëm të



27 % според нивното учество во вкупната површина на територијата и 8 % според нивното учество во вкупниот број на населени места.

Делот за перформанси од приходите од ДДВ се распределува само на општините кои кумулативно ги исполнуваат следниве два критериума: доколку наплатените сопствени приходи на општината во претходната година се најмалку 70 % од планираните сопствени приходи и доколку наплатените сопствени приходи на општината во претходната година се повисоки од просечните сопствени приходи кои биле наплатени во општината последните три години пред претходната година. Распределбата на средствата од делот за перформанси на приходите од данокот на додадена вредност по општини, се врши најдоцна до 31 март во тековната година. Од особена важност во овој дел е како општината го креирала својот буџет. Делот за уедначување од приходите од данокот на додадена вредност, особено е важен за општините со послаб капацитет и е во износ од 88 % за општините во Република Северна Македонија, без општините во Град Скопје и Град Скопје и 12 % за општините во Град Скопје, без Град Скопје. Делот за уедначување од приходите од данокот на додадена вредност се распределува само на општините кои се под прагот на просекот на приходи од данокот на личен доход по жител, наплатени во претходната година, согласно со трезорската евиденција. И распределбата на средствата од делот за уедначување се врши најдоцна до 31 март во тековната година. Беше посочено дека бројот на општините што за следната година ќе земат средства од фондот за уедначување е поголем, отколку од општините што ќе добијат средства од фондот за перформанси.

## Потребно редефинирање на финансирањето на надлежностите од областа на културата

Состојбата во општините во спроведувањето на надлежностите во областа на културата е крајно лоша. Финансиските средства што тие ги добиваат се минимални и не се доволни ниту за одржување на локалните установи од културата, а општините трошат сопствени средства за организирање на културни манифестации и настани. Претставниците од локалната власт нагласија дека е поразително што Предлог- уредбата за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотациите од областа на културата не е променета речиси 20 години и дека тоа треба итно да се смени. Тие посочија дека досега Министерството не направило ниту една анализа за тоа како се располага со овие средства, односно дали се тие доволни, во каква состојба се овие културни објекти, какви културни манифестации спроведуваат општините и др. Ова е уште еден показател на односот на централната власт кон општините, поради што одбија да ја прифатат оваа методологија за распределба на средствата за следната година. Притоа, претставниците од локалната власт нагласија дека општините мора да добиваат повеќе финансиски средства за оваа намена и дека во тој куп треба да влезат и оние малку финансии за кои општините конкурираат со проекти до Министерството за култура. Присутните беа информирани дека измените на Предлогот на Законот за култура по долга пауза повторно ќе биде ставен на јавна расправа.

banorëve; 27 % në bazë të pjesëmarrjes së tyre në sipërfaqen e përgjithshme të territorit dhe 8 % në bazë të pjesëmarrjes së tyre në numrin e përgjithshëm të vendeve të banuara.

Pjesa e performancës së të hyrave nga TVSH-ja ndahet vetëm për komunat që në mënyrë kumulative plotësojnë dy kriteret e mëposhtme: përderisa të hyrat personale të arkëtuara të komunës në vitin e kaluar janë së paku 70% e të hyrave personale të planifikuara dhe nëse të hyrat personale të arkëtuara të komunës në vitin e kaluar janë më të larta se mesatarja e të hyrave personale që janë mbledhur në komunë në tre vitet e fundit para vitit paraprak. Shpërndarja e mjeteve nga pjesa e performancës së të ardhurave nga tatimi mbi vlerën e shtuar sipas komunave kryhet jo më vonë se data 31 mars të vitit aktual. Me rëndësi të veçantë në këtë pjesë është mënyra se si komuna e ka krijuar buxhetin e saj. Pjesa barazuese e të hyrave nga tatimi mbi vlerën e shtuar është veçanërisht e rëndësishme për komunat me kapacitet më të dobët dhe është në shumë prej 88% për komunat në Republikën e Maqedonisë së Veriut, pa përfshirë komunat në qytetin e Shkupit dhe Qytetin e Shkupit dhe 12% për komunat në qytetin e Shkupit pa qytetin e Shkupit. Pjesa barazuese e të ardhurave nga tatimi mbi vlerën e shtuar u shpërndahet vetëm komunave që janë nën pragun e të ardhurave mesatare nga tatimi mbi të ardhurat personale për banor, të mbledhura në vitin e kaluar, sipas regjistrave të thesarit. Dhe shpërndarja e fondeve nga seksioni i barazimit kryhet jo më vonë se data 31 mars i vitit aktual. U theksua se numri i komunave që do të marrin mjete nga fondi barazues për vitin e ardhshëm është më i madh se numri i komunave që do të marrin mjete nga fondi i performancës

## Rishqyrtimi i nevojshëm i financimit të kompetencave nga lëmia e kulturës

Gjendja në komunat në zbatimin e kompetencave të lëmisë së kulturës është tejet e keqe. Mjetet financiare që i marrin janë minimale ose të pamjaftueshme ose aspak për menaxhimin me institucionet lokale të kulturës, ndërsa komunat shpenzojnë mjete për organizimin e manifestimeve kulturore dhe eventet kulturore. Përfaqësuesit e pushtetit lokal përmendën se është shkatërruese se Propozim-Rregullorja për metodologjinë e përcaktimit të kritereve për ndarjen e bllok-dotacioneve në fushën e kulturës ka gati 20 vjet që nuk ka ndryshuar dhe se kjo duhet ndryshuar urgjentisht. Ata theksuan se deri më tani Ministria nuk ka bërë një analizë të vetme se si i disponon këto mjete, gjegjësisht nëse janë të mjaftueshme, në çfarë gjendje janë këto objekte kulturore, çfarë manifestimesh kulturore realizojnë komunat etj. Kjo është edhe më shkatërruese lidhur me raportin e pushtetit qendror ndaj komunave, për shkak se refuzuan t'a pranojnë këtë metodologji për shpërndarjen e mjeteve për vitin e ardhshëm. Megjithatë, përfaqësuesit e pushtetit lokal theksuan se komunat duhet të marrin më shumë mjete financiare mbi këtë dedikim dhe se për këtë grumbull duhet të hyjnë edhe ato financa të pakta për të cilat komunat konkurrojnë me projektin nga Ministria për kulturë. Të pranishmit u informuan se ndryshimet e Propozimit të Ligjit për kulturë pas një pauze të gjatë sërish do të vendoset për diskutim publik.

## ИНСПЕКЦИСКИОТ СОВЕТ НАЈАВИ ПОЕДИНЕЧНИ ПОСЕТИ НА ИНСПЕКЦИСКИТЕ СЛУЖБИ ВО ОПШТИНИТЕ

Во просториите на ЗЕЛС, на 19 јуни 2023 година, се одржа средба на извршната директорка на ЗЕЛС Душица Перишиќ и претседателката на Инспекцискиот совет Даниела Рендевска, на која се говореше за можностите за унапредување на работењето на инспекциските служби на локално ниво. Беше посочено дека во периодот јули - септември 2023 година, претставници од Инспекцискиот совет ќе вршат советодавни посети во сите општини каде ќе разговараат со општинските инспектори, со раководителите на инспекциските сектори, а на средбите се очекува да присуствува и градоначалникот на општината. Целта на овие посети е да се утврдат сите предизвици во работењето на инспекторите, да се укаже на одредени законски обврски во постапките и работењето на овие служби и да се иницираат предлози за соодветни законски измени.

Беше нагласено дека Инспекцискиот совет е задолжен за издавање на лиценци за работа на општинските инспектори, но дека нема надлежност да ја следи или проверува нивната работа и да им укажува на утврдените неправилности. Од граѓаните, на годишно ниво, до Советот стигнуваат бројни претставки и жалби за спроведувањето на одредени инспекциски постапки, но Советот нема ингеренции да постапува по нив. Овие претставки и жалби му ги испраќа на градоначалникот на општината, но не добива повратни информации околу натамошниот тек на регулирањето на неправилностите. Во таа насока, Советот ги презема и следните тримесечни советодавни средби по општините, каде низ дискусија ќе се разрешат одредени предизвици. Со посебен допис, Советот навремено ќе ја информира поединечно секоја општина за усогласување на терминот на посетата, сѐ со цел заемно да се искористи оваа можност кон натамошно унапредување на работата на инспекциските служби.

Директорката на ЗЕЛС, Перишиќ, посочи дека соработката со Инспекцискиот совет досега е на задоволително ниво и дека со заемна соработка, во просториите на ЗЕЛС се организирани повеќе обуки и советувања за општинските инспектори. Недостатокот на инспекциски кадар во општините е голем предизвик за секоја локална власт и дека во таа насока треба да се размислува за уште поголема стимулација на овие служби кои се соочуваат со сериозни предизвици, па и животни закани. Следните активности на Советот треба да претставуваат дополнителен чекор кон обезбедување на потребната поддршка на овие служби и дека ЗЕЛС и во иднина е подготвена да соработува со Советот особено во однос на дополнителни обуки и советувања на овој особено важен дел од општинската администрација.

### Надлежности на Инспекцискиот совет

Инспекцискиот совет е самостоен орган на државната управа, чија основна надлежност е следењето и координацијата на работењето на инспекциските служби на централно ниво. Меѓу најважните надлежности на Советот, спаѓаат: изработка и донесување на подзаконски акти, односно правилници; известување за својата и за работата на инспекциските служби; донесување на програми за интерактивна обука за стекнување со лиценца за инспектор, за испит за стекнување со лиценца за инспектор – општ дел и за генерички обуки

## KËSHILLI INSPEKTUES PARALAJMËROI VIZITA INDIVIDUALE TË SHËRBIMEVE INSPEKTUESE NË KOMUNAT

Në hapësirat e BNJVL-së, më 19 qershor 2023, u mbajt takim i drejtorit ekzekutiv të BNJVL-së Dushica Perishiq dhe kryetares së Këshillit inspektues Daniella Rendevska, në të cilin u diskutua për mundësitë për avancimin e punës së shërbimeve inspektuese në nivel lokal. U përmend se në periudhën korrik-shtator 2023, përfaqësuesit e Këshillit inspektues do të kryejnë vizita këshillëdhënëse në të gjitha komunat ku do të bisedojnë me inspektorët komunalë, me udhëheqësit e sektorëve inspektuese, ndërsa në takimet pritet të merr pjesë edhe kryetari i komunës. Qëllimi i këtyre vizitave është të përcaktohen të gjitha sfidat nga puna e inspektorëve, të referohen dispozita ligjore të caktuara në procedurat dhe punën e këtyre shërbimeve dhe të iniciohen propozimet për ndryshime ligjore adekuate.

U theksua se Këshilli inspektues është i obliguar për dhënien e licencave të punës për inspektorët komunalë, por se nuk ka kompetencë të monitorojë apo kontrollojë punën e tyre dhe t'u tregojë parregullsitë e konstatuara. Nga qytetarët, në nivel vjetor, Këshilli pranon një sërë parashtresash dhe ankesash për zbatimin e disa procedurave të inspektimit, por Këshilli nuk ka kompetencë të veprojë për to. Këto parashtresa dhe ankesa ai i'a dërgon kryetarit të komunës, por nuk merr komente për rrjedhën e mëtutjeshme të rregullimit të parregullsive. Në këtë drejtim, Këshilli ndërmerr takimet e mëposhtme këshillimore tremujore nëpër komuna, ku me diskutim do të zgjidhen disa sfida. Me një shkresë të veçantë, Këshilli do të informojë menjëherë secilën komunë individualisht për harmonizimin e datës së vizitës, në mënyrë që reciprokisht të shfrytëzohet kjo mundësi për të përmirësuar më tej punën e shërbimeve inspektuese.

Drejtoresha e BNJVL-së, Perishiq, theksoi se bashkëpunimi me Këshillin inspektues deri më tani ka qenë në nivel të kënaqshëm dhe se me bashkëpunim të ndërsjellë, në hapësirat e BNJVL-së janë organizuar disa trajnime dhe sesione këshilluese për inspektorët komunalë. Mungesa e stafit inspektues nëpër komuna është një sfidë e madhe për çdo pushtet lokal dhe në këtë drejtim duhet të mendohet për stimulim edhe më të madh të këtyre shërbimeve, të cilat po përballen me sfida serioze, duke përfshirë edhe rrezikun për jetë. Aktivitetet e mëposhtme të Këshillit duhet të paraqesin një hap shtesë në drejtim të ofrimit të mbështetjes së nevojshme për këto shërbime dhe se BNJVL është e gatshme të bashkëpunojë me Këshillin në të ardhmen, veçanërisht në drejtim të trajnimeve dhe këshillimeve shtesë për këtë pjesë veçanërisht të rëndësishme të administratës komunale.

### Kompetencat e Këshillit inspektues

Këshilli inspektues është organ i pavarur i administratës shtetërore, kompetenca kryesore e të cilit është ndjekja dhe koordinimi i punës së shërbimeve inspektuese në nivel qendror. Ndër përgjegjësitë më të rëndësishme të Këshillit janë: përgatitja dhe miratimi i akteve nënligjore, përkatësisht rregulloreve; raportimin për punën e vet dhe të shërbimeve të inspektimit; miratimi i programeve për trajnime interaktive për marrjen e licencës së inspektorit, për provimin për marrjen e licencës së inspektorit - pjesa e përgjithshme dhe

на инспекторите; развивање на политики за управување со учинокот на инспекторите; креирање единствена рамка за развој и управување со инспекторите; постапување по претставки од физички и правни лица а поврзани со работата на инспекциските служби и/или субјектите на инспекцискиот надзор; спроведување на генерички обуки за инспекторите; издавање и одземање на лиценци за инспектори; издавање налог за вршење на единечен и заеднички вонреден инспекциски надзор; поднесување предлози за разрешување на директор на инспекциската служба; за поведување на дисциплинска постапка против раководител на инспекциската служба, како и иницијатива за утврдување на дисциплинска одговорност на инспектор; воспоставување и одржување на регистри и информациски систем за управување со инспекцискиот надзор; координација на работата на инспекциските служби.

për trajnimin gjenerik të inspektorëve; zhvillimi i politikave për menaxhimin e performancës së inspektorëve; krijimi i një kuadri unik për zhvillimin dhe menaxhimin e inspektorëve; veprim sipas kërkesave të personave fizikë dhe juridikë që kanë të bëjnë me punën e shërbimeve inspektuese dhe/ose subjekteve të mbikëqyrjes inspektuese; kryerja e trajnimeve gjenerike për inspektorët; dhënia dhe heqja e licencave për inspektorët; dhënia e urdhëresës për kryerjen e mbikëqyrjes së përbashkët dhe individuale të mbikëqyrjes inspektuese; parashtrimi i propozimeve për shkarkimin e drejtorit të shërbimit inspektues; për ngritjen e procedurës disiplinore kundër udhëheqësit të shërbimit inspektues, si dhe iniciativa për përcaktimin e përgjegjësisë disiplinore të inspektorit; themelimi dhe menaxhimi i regjistrave dhe sistemit informatik për menaxhim me mbikëqyrjen inspektuese; koordinimi i punës së shërbimeve inspektuese.

## СРЕДБА НА ПРЕТСТАВНИК ОД ЗЕЛС СО ДИРЕКТОРКАТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Претседателот на Комисијата за финансирање при ЗЕЛС и градоначалник на Општина Радовиш, Ацо Ристов, на 28 јуни 2023 година, во просториите на Заедницата имаше средба со директорката на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, Пламенка Бојчева. Иницијативата за оваа средба беше на ЗЕЛС, а во насока на утврдување на заемни чекори за активности со кои ќе се намали актуелниот притисок што го имаат повеќето општини поради зголемениот број барања од физички или правни лица по основ на слободен пристап до информациите од јавен карактер, од кои поголемиот број се неосновани.

### Општините со зголемен број на неосновани барања за информациите од јавен карактер

Претседателот на Комисијата за финансирање при ЗЕЛС, Ристов, посочи дека најголемиот број од стигнатите барања се неосновани и не се однесуваат за активности што се во надлежност на општината или, пак, за поголемиот дел од нив информациите се веќе поставени на веб-страницата на општините, но граѓаните, како и правните лица, ја одбираат законската опција за поднесување барање за слободен пристап до информации од јавен карактер. Сето ова доведува до значително отежнување на работата на и онака недоволната општинска администрација, која наместо да се концентрира на тековните активности што се во интерес на граѓаните, дел од своето работно време, го „пренасочува" на обезбедување податоци, копирање документи, составување одговори, во кои подетално треба да се објаснува зошто се одбива странката.

## TAKIM I PËRFAQËSUESIT TË BNJVL-SË ME DREJTORESHËN E AGJENCISË PËR MBROJTJEN E TË DREJTËS NË QASJEN E LIRË NË INFORMACIONET ME KARAKTER PUBLIK

Kryetari i Komisionit për financim në kuadër të BNJVL-së dhe kryetari i komunës së Radovishit, Aco Ristov, më 28 qershor, 2023, në hapësirat e Bashkësisë pati takim me drejtoreshën e Agjencisë për mbrojtjen e të drejtës së qasjes së lirë në informacionet me karakter publik, Pllamenka Bojçeva. Iniciativa për këtë takim ishte e BNJVL-së, ndërsa në drejtim të përcaktimit të hapave për aktivitetet me të cilat do të zvogëlohet shtypja aktuale që kanë një numër i madh i komunave për shkak të numrit të rritur të kërkesave nga personat fizikë ose juridikë në bazë të qasjes së lirë në informacionet me karakter publik, prej të cilave një numër më i madh janë të pabazuara.

### Komunat me numër që shënon rritje të kërkesave për informacione me karakter publik

Kryetari i Komisionit për financim në kuadër të BNJVL-së, Ristov, përmendi se numri më i madh i kërkesave që kanë arritur janë të pabazuara dhe nuk u referohen aktiviteteteve që janë në kompetencë të komunës ose, për një numër më të madh të informacioneve tashmë janë vendosur në faqen e internetit të komunave, por qytetarët si dhe personat juridikë zgjedhin opsionin për parashtrimin e kërkesës për qashe të lirët në informacionet me karakter publik. E tërë kjo çon drejt ngarkesës së punës së administratës komunale e cila megjithatë është e pamjaftueshme, e cila në vend të aktiviteteve të koncentruara rrjedhëse që janë në interes të qytetarëve, një pjesë të orarit të punës së saj e drejton ndaj sigurimit të të dhënave, fotokopjimit të dokumenteve, përpilimit të kontratave, në të cilat më detajisht duhet të shpjegohet për





Градоначалникот Ристов нагласи дека наместо едно лице, повеќето од општините треба да обезбедат најмалку по пет лица за оваа намена, за да можат да ги исполнат сите барања и да дадат одговор во законски пропишаниот рок, што претставува сериозно дополнително финансиско оптоварување за општините. Беше нагласено и дека општините, како иматели на информации од јавен карактер, во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, се сосема свесни дека треба да обезбедат јавност и отвореност во работата, и да им овозможат на физичките и правните лица да го остварат правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, но дека во практиката, тоа веќе почнува да се злоупотребува, од необјасниви причини.

Во таа насока беше побарано да се преземат одредени мерки од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, со дополнителни јавни кампањи или друг вид пособдветно информирање на јавноста во кои случаи тие може да ја употребуваат оваа законска можност, сѐ со цел институциите да не трпат непотребен притисок и зголемен обем на работа кој нема никакви ефективни резултати.

**Дополнително оптоварување за општинската администрација, но и за општинскиот буџет**

Градоначалникот Ристов посочи дека најголемиот број општини ја исполниле законската обврска (член 9 и член 10) и ги поставиле сите потребни информации утврдени од листата со 22 категории на веб-страницата или на огласната табла, односно ги објавиле на начин достапен за јавноста. Станува збор за: податоците за надлежностите на институцијата; податоците за функционерот или одговорното лице; податоци и контакти од службеното лице за посредување со информации; објавување на бројни документи на општината, годишни планови и програми за работа; годишен буџет и завршна сметка; тарифници за надоместоци за издавање на реални акти; извештаи за работата, кои ги поднесуваат до органите надлежни за спроведување; информативни билтени, службени гласила и друго. Ристов нагласи дека голем број општини дејствуваат и проактивно, односно објавуваат и податоци за кои не се законски обврзани, сѐ со цел граѓаните да бидат соодветно и навремено информирани. Но, има и општини кои поради слабата финансиска состојба немаат доволно средства за обезбедување на континуирано одржување на веб-страниците, односно за нивно надградување за поголем обем на податоци за чие зачувување треба да обезбедат дополнително закупување на облак (клауд) и слично. Во таа насока, дуплирањето или понекогаш и триплирањето на исти податоци што општината веќе ги објавила во одредени документи, поставени на веб-страница, а кои заради поголема видливост треба посебно да ги одвои и повторно да ги пласира на страницата, само создава и поголеми трошоци за секоја локална власт.

**Апел до општините строго да внимаваат и да ги применуваат одредбите од Законот за заштита на лични податоци.**

Директорката на Агенцијата нагласи дека според направените истражувања, општините во континуитет потврдуваат зголемена посветеност и позитивни резултати во транспарентното објавувањето на информациите од јавен карактер, а за таа цел преку ЗЕЛС се одржани и одредени обуки токму за законските обврски и постапки, но дека има и примери

ç'arsye refuzohet pala. Kryetari Ristov, theksoi se në vend të një personi, shumica e komunave duhet të sigurojnë së paku pesë persona për këtë qëllim, në mënyrë që të njëjtët të mund t'i plotësojnë të gjitha kërkesat dhe të japin përgjigje brenda afatit të paraparë me ligj, që paraqet një ngarkesë serioze financiare shtesë për komunat. Po ashtu, u theksua se komunat, si bartës të informacioneve të natyrës publike, në përputhje me Ligjin për qasje të lirë në informacionet me karakter publik, janë plotësisht të vetëdijshme se duhet të sigurojnë publicitet dhe çiltërsi në punën e tyre dhe të mundësojnë natyrën dhe personat juridikë të ushtrojnë të drejtën e qasjes së lirë në informacionet me karakter publik, por që në praktikë, tashmë ka filluar të abuzohet, për arsye të pashpjegueshme.

Në këtë drejtim u kërkua që të ndërmerren masa të caktuara nga Agjencia për mbrojtjen e të drejtës për qasje të lirë në informacionet me karakter publik, me fushata publike shtesë apo lloje të tjera të informatave më të përshtatshme për publikun në të cilat raste mund ta shfrytëzojnë këtë mundësi ligjore, të gjitha me qëllim që institucionet të mos pësojnë presione të panevojshme dhe ngarkesë të shtuar të punës që nuk sjell ndonjë rezultat efektiv.

**Ngarkesë shtesë e administratës komunale, por edhe të buxhetit të komunës**

Kryetari Ristov tregoi se numri më i madh i komunave e kanë përmbushur detyrimin ligjor (neni 9 dhe neni 10) dhe të gjitha informacionet e nevojshme të përcaktuara nga lista me 22 kategori i kanë vendosur në faqen e internetit ose në tabelën e shpalljeve, respektivisht e kanë publikuar në një mënyrë që të jetë e arritshme për publikun. Bëhet fjalë për: të dhënat për kompetencat e institucionit; të dhënat për personin zyrtar ose përgjegjës; të dhënat dhe kontaktet e zyrtarit për informacion ndërmjetësues; publikimi i dokumenteve të shumta komunale, planeve vjetore dhe programeve të punës; buxheti vjetor dhe llogaria përfundimtare; listat tarifore për tarifat për lëshimin e akteve reale; raportet për punën, të cilat u'a parashtrojnë organeve përgjegjëse për zbatimin; buletinet informative, gazetat zyrtare dhe të tjera. Ristov theksoi se një numër i madh i komunave veprojnë në mënyrë proaktive, gjegjësisht publikojnë të dhëna për të cilat nuk janë të obliguara ligjërisht, e kjo me qëllim që qytetarët të informohen në mënyrë adekuate dhe me kohë. Megjithatë, ka edhe komuna që për shkak të gjendjes së dobët financiare nuk kanë fonde të mjaftueshme për të siguruar mirëmbajtjen e vazhdueshme të faqeve të internetit, pra për t'i përmirësuar ato për një vëllim më të madh të dhënash, për ruajtjen e të cilave duhet të sigurojnë. qira shtesë e reve dhe të ngjashme. Në këtë drejtim, dublikimi ose nganjëherë trefishimi i të dhënave të njëjta që komuna i ka publikuar tashmë në dokumente të caktuara, të vendosura në një faqe interneti dhe të cilat, për hir të një shikueshmërie më të madhe, duhet të ndahen veçmas dhe të rivendosen në faqe, vetëm krijon shpenzime më të larta për çdo pushtet lokal.

**Apel për komunat që me përpikëri të kenë kujdes dhe t'i zbatojnë dispozitat e Ligjit për mbrojtjen e të dhënave personale**

Drejtoresha e Agjencisë theksoi se sipas hulumtimeve të bëra, komunat në vazhdimësi përcaktojnë përkushtim të rritur dhe rezultate pozitive në shpalljen transparente të informacioneve me karakter publik, ndërsa për këtë qëllim përmes BNJVL-së janë përmbajtur edhe trajnime të caktuara pikërisht për obligimet ligjore dhe procedurat, por se ka

во обратна насока. Таа посочи дека општините имаат основ за наплата на материјални трошоци направени во постапката, во согласност со Уредбата, објавена во „Службен весник", 31/22, а на секое пристигнато прашање за кое веќе општината ја има објавено информацијата на веб-страницата, посочи во одговорот да биде копиран и линкот од објавената информација. Исто така, беше нагласено дека преку Министерството за локална самоуправа се спроведува проект со кој ќе се направат одредени спецификации на веб-страниците на општините заради универзалност во поставувањето на информациите од јавен карактер, што би требало да доведе и до намалување на актуелниот притисок од граѓаните, невладините организации, адвокатската фела и други. На крајот од разговорот, директорката Бојчева упати апел до општините строго да внимаваат и да ги применуваат одредбите во согласност со Законот за заштита на лични податоци.

edhe shembuj në drejtim të kundërt. Ajo theksoi se komunat kanë bazë për arkëtimin e shpenzimeve materiale të bëra në procedurë, konform Dispozitës, të shpallur në Gazetën zyrtare, 31/22, ndërsa në çdo pyetje të arritur për çdo komunë tashmë ka shpallur informacion në ueb faqen, përmendi në përgjigjen të jetë i kopjuar edhe linku nga informacioni i shpallur. Gjithashtu u theksua se përmes Ministrisë për vetëqeverisje lokale zbatohet projekt me të cilin do të bëhen specifikime në faqen e internetit të komunave për shkak të universalitetit në vendosjen e informacionit me karakter publik, i cili duhet të sjellë edhe uljen e presionit aktual nga qytetarët, organizatat joqeveritare, profesioni i avokaturës e të tjerë. Në fund të bisedës, drejtoresha Bojçeva u bëri apel komunave që t'i kushtojnë kujdes dhe t'i zbatojnë dispozitat në përputhje me Ligjin për mbrojtjen e të dhënave personale.

## „МЕСТО ЗА РАСТЕЊЕ: ОПШТИНИ ПОСВЕТЕНИ НА ДЕЦАТА" – ПРОЕКТ ШТО ЗАПОЧНА ДА СЕ РЕАЛИЗИРА ВО ПЕТ ОПШТИНИ

Унапредување на знаењата при справување со врсничко насилство, воспоставување ефикасна комуникација со родителите и поттикнување на социоемоционалниот развој на децата од најмала возраст, се дел од овој проект. Потребата од надминување на идентификуваните разлики во нивото на познавање на детските права, алатките за поттикнување на детското учество, концептот на градови посветени на децата и вклучување на децата и младите во политиките на локално ниво, како и потребата за подобрување на знаењата и вештините на претставниците на локалните власти и на професионалците од воспитно-образовните институции во општините, се дел од заклучоците кои произлегоа од истражувањето спроведено во периодот март - мај 2023 година, во петте пилот-општини: Виница, Дебар, Гостивар, Велес и Кисела Вода во рамките на проектот „Место за растење: Општини посветени на децата". Проектот го спроведуваат Првата детска амбасада во светот „Меѓаши" и Центарот за семејно и детско згрижување - КМОП Скопје, а ЗЕЛС е еден од партнерите поддржувачи. Реализацијата на проектот ќе трае 30 месеци, а започна од февруари оваа година, кога беа реализирани посети на сите пет општини и беше извршено теренско истражување и разговори со фокус-групите, чии заклучоци беа соопштени на заедничката средба одржана на 3 јули 2023 година, во просториите на Центарот за социјални претпријатија во Скопје.

**Да се зајакнат заложбите на локалните власти за унапредување на правата на децата и учество на децата во локалното планирање – општа цел на проектот**

На оваа средба уште еднаш беше нагласена општата цел на проектот: да се зајакнат заложбите на локалните власти за унапредување на правата на децата и учество на

Место за растење:
Општини посветени на децата

## „VENDI PËR T'U RRITUR: KOMUNA TË PËRKUSHTUARA PËR FËMIJËT" – PROJEKT QË FILLOI TË REALIZOHET NË PESË KOMUNA

Avancimi i diturive gjatë menaxhimit me dhunën e ushtruar ndaj moshatarëve, themelimi i komunikimit efikas me prindërit dhe nxitja e zhvillimit socio-emocional te fëmijët nga mosha më e vogël, janë pjesë e këtij projekti. Nevoja nga tejkalimi i diferencave të identifikuara në njohjen të drejtave të fëmijëve, instrumenteve për nxitjen e inkluzionit të fëmijëve, koncepti i qyteteve të dedikuara ndaj fëmijëve dhe përfshirja e fëmijëve dhe të rinjve në politikat në nivel lokal, si dhe nevoja për përmirësimin e diturive dhe aftësive të përfaqësuesve në nivel lokal dhe profesionistëve nga institucionet edukative-arsimore në komunat, janë pjesë e konkluzioneve të cilat rrjedhin nga hulumtimi në periudhën mars - maj viti 2023, në pesë pilot-komunat: Vinica, Dibra, Gostivari, Velesi dhe Kisella Voda në kuadër të projektit „Vendi për t'u rritur: Komuna të përkushtuara për fëmijët". Projektin e realizon Ambasada e parë e fëmijë në botë „Megjashi" dhe Qendra për kujdes të familjes dhe fëmijëve KMOP Shkup, ndërsa BNJVL është njëri ndër partnerët përkrahës. Realizimi i projektit do të zgjasë 30 ditë, ndërsa filloi nga shkurti i këtij viti, kur u realizuan vizita në të gjitha pesë komunat dhe u realizua hulumtim në teren dhe bisedime me grupet e fokusit, konkluzionet e të cilave u kumtuan në takimin e përbashkët të mbajtur më 3 korrik 2023, në hapësirat e Qendrës për ndërmarrje sociale në Shkup.

**Të përforcohen përpjekjet e pushteteve lokale për avancimin e të drejtave të fëmijëve dhe pjesëmarrja e fëmijëve në planifikimin lokal – qëllim i përgjithshëm i projektit**

Në këtë takim edhe njëherë u theksua qëllimi i përgjithshëm i projektit: të përforcohen synimet e pushteteve lokale për avancimin e të drejtave të fëmijëve dhe pjesëmarrja

Një vend për t'u rritur:
Komuna kushtuar fëmijëvet



децата во локалното планирање, во овие пет општини. Беа соопштени резултатите од истражувањето како основа за креирање на обуките што ќе се реализираат во периодот од септември оваа година, а беа презентирани и изготвените алатки за подигање на свеста, преку изработка на промотивни материјали (брошури, видеа, кампањи, подкасти за промоција на резултатите од проектот), како и изработка на веб-страница на која ќе бидат поставени сите информации, активности на проектот, но и значајни домашни и меѓународни документи кои се однесуваат на правата на децата (www.placetogrow.mk). Преку обуките ќе бидат зајакнати општинските капацитети, ќе бидат воведени и алатки за ефективно следење на правата на децата на локално ниво и подигнување на свеста за правата на децата, а на крајот, ќе биде обезбедена поддршка на секоја од петте општини за изработка на локална стратегија за правата на децата. Засега е утврдено дека ниту една општина нема ваква стратегија, освен Град Скопје, чија изработка била поддржана од „Меѓаши“. На средбата беше најавено дека од септември оваа година е планирана и меѓународна конференција во Скопје, на која ќе бидат поканети претставници од општинската администрација, градоначалници кои ќе имаат можност да слушнат за многу добри примери од практиката на европските градови посветени на правата на децата.

**Општините донекаде обезбедиле соодветни формални механизми за заштита, но немаат изработено локална стратегија за правата на децата**

Присутните претставници од општинската администрација и од советите на овие пет општини посочија дека во однос на детското учество на локално ниво, може да се заклучи дека постојат одредени формални механизми.

e fëmijëve në planifikimin lokal, në këto pesë komuna. U kumtuan rezultatet nga hulumtimi si bazë e trajnimeve që do të realizohen në periudhën nga shtatori të këtij viti, ndërsa u prezantuan edhe instrumentet e përpiluara për ngritjen e vetëdijes, përmes përpilimit të materialeve promovuese (broshura, video, fushata, podkaste për promovimin e rezultateve të projektit), si dhe përpilimi i faqes së internetit ku do të vendosen të gjitha informacionet dhe aktivitetet e projektit, si dhe dokumente të rëndësishme vendore dhe ndërkombëtare lidhur me të drejtat e fëmijëve (www.placetogrow.mk). Përmes trajnimeve do të forcohen kapacitetet komunale, do të prezantohen mjete për monitorimin efektiv të të drejtave të fëmijëve në nivel lokal dhe ndërgjegjësimin për të drejtat e fëmijëve dhe së fundi do t'i ofrohet mbështetje secilës prej pesë komunave për zhvillimin e një strategjie lokale mbi të drejtat e fëmijëve. Deri më tani është konstatuar se asnjë komunë nuk ka një strategji të tillë, përveç Qytetit të Shkupit, zhvillimin e të cilit e ka përkrahur „Megjashi". Në takim u bë e ditur se nga shtatori i këtij viti është planifikuar një konferencë ndërkombëtare në Shkup, në të cilën do të ftohen përfaqësues nga administrata komunale, kryetarët e komunave, të cilët do të kenë mundësi të dëgjojnë për shumë shembuj të mirë nga praktika e qyteteve evropiane kushtuar të drejtave të fëmijëve.

**Komunat deri diku kanë siguruar mekanizma formale për mbrojtje, por nuk kanë përpiluar strategji lokale për të drejtat e fëmijëve**

Përfaqësuesit e pranishëm nga administrata komunale dhe nga këshillat e këtyre pesë komunave përmendën se lidhur me pjesëmarrjen e fëmijëve në nivel lokal, mund të konkludohet se ekzistojnë mekanizma të caktuar





Ова значи дека има воспоставено детски парламенти, детски совети и ученички заедници, а има и одредени примери за консултирање на децата и нивно вклучување во донесувањето одлуки, особено преку спроведувањето на анкети помеѓу учениците, но сепак, беше нагласено дека тие ги опфаќаат повозрасните групи деца и млади. Тие посочија дека ставањето акцент на младите, реализацијата на нивните права и поголемата вклученост во донесувањето одлуки од локално значење, може да придонесе во намалување на иселувањето на младите и да го подобри нивниот живот во заедницата. Притоа беше нагласено дека речиси во сите единици на локалната власт, во голем процент, спроведувањето на овие активности зависи и од приоритетите што ги воспоставува градоначалникот и општинската администрација

Проектот е финансиран од Делегацијата на Европската Унија во рамките на локалните шеми за поддршка на граѓанското општество на Европскиот инструмент за демократија и човекови права (2021 EIDHR Supporting a civil society through Country-Based Support Schemes in North Macedonia).

formalë. Kjo do të thotë se janë themeluar parlamentet e fëmijëve, këshillat e fëmijëve dhe komunitetet studentore, si dhe ka shembuj të caktuar të konsultimit të fëmijëve dhe përfshirjes së tyre në procesin e vendim-marrjes, veçanërisht përmes anketimeve mes nxënësve, por u theksua se ato përfshijnë grupe më të rritura të fëmijëve dhe të rinjtë. Ata theksuan se vënia e theksit tek të rinjtë, realizimi i të drejtave të tyre dhe përfshirja më e madhe në vendim-marrje me rëndësi lokale, mund të kontribuojë në uljen e emigrimit të të rinjve dhe përmirësimin e jetës së tyre në bashkësi. Njëkohësisht, u theksua se pothuajse në të gjitha njësitë e vetëqeverisjes lokale, në një përqindje të madhe, realizimi i këtyre aktiviteteve varet edhe nga prioritetet e vendosura nga kryetari i komunës dhe administrata komunale.

Projekti financohet nga Delegacioni i Bashkimit Evropian në kuadër të skemave për përkrahjen e shoqatave civile të Instrumentit Evropian për demokraci dhe të drejta të njeriut (2021 EIDHR Supporting a civil society through Country-Based Support Schemes in North Macedonia).

## ИСКУСТВАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА РАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА УЧИЛИШНАТА МРЕЖА ИЗНЕСЕНИ НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА „СООДВЕТНО КОРИСТЕЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ РЕСУРСИ ЗА ПОКВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ“

„Упатувам благодарност до претставниците од УНИЦЕФ во нашата земја кои се нафатија на мошне сериозна и обемна работа за обезбедување на нова формула за распределба на средствата на општините, за основното образование. Тоа беше всушност и долгогодишно барање на ЗЕЛС упатувано до централната власт. Се надевам дека со новата предлог-методологија, конечно, ќе се стави крај на една нереална и пред сè недоволна распределба на финансиските средства за спроведување на оваа надлежност од страна на општините и дека ќе се примени пообјективна методологија, каде како почетна основа се зема однапред утврдената сума на сите трошоци по ученик. Да бидам искрен, како и во минатото и сега, на Управниот одбор на ЗЕЛС имавме бројни дискусии, каде бевме на работ на донесување одлука за откажување од оваа надлежност и по цена на уназадување на процесот на децентрализацијата. Затоа можеби оваа нова предлог-формула доаѓа во вистинскиот момент, иако имаме одредени сомнежи за објективноста во пресметувањето на трошоците по ученик, и воопшто не сме задоволни од начинот на кој Министерството за образование и наука ја спроведуваше целата постапка, која беше крајно нетранспарентна, па би рекол и потценувачка за нас, општините.“

Ова, го истакна претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, на конференцијата „Соодветно користење на училишните ресурси за поквалитетно образование“ што се одржа на 6 јули 2023 година, во Скопје, во организација на Министерството за образование и наука, УНИЦЕФ и

## SHKËMBIM I PËRVOJAVE PËR ZBATIMIN E PROCESIT TË RACIONALIZIMIT TË RRJETIT SHKOLLOR, U PREZANTUAN NË KONFERENCËN „SHKËMBIM I SHFRYTËZIMIT TË RESURSEVE SHKOLLORE PËR ARSIM MË CILËSOR“

„I dërgoj falënderimet e mia përfaqësuesve të UNICEF në vendin tonë të cilët morën obligim tejet serioz dhe punë voluminoze lidhur me sigurimin e formulës së re për shkëmbimin e mjeteve të komunave, për arsim fillor. Kjo në të vërtetë ishte edhe kërkesa shumëvjeçare e BNJVL-së drejt pushtetit qendror, shpresojmë se me propozim-metodologjinë e re, përfundimisht do të përfundojë shpërndarja joreale dhe para se gjithash e pamjaftueshme e mjeteve financiare për zbatimin e kompetencës nga ana e komunave dhe se do të zbatohet metodologji më objektive, ku si bazë fillestare merret përcaktimi i shumës për një nxënës. Të jem i sinqertë si edhe në të kaluarën edhe tani, në Bordin drejtues të BNJVL-së, patëm diskutime të shumta, ku ishim në pragun e miratimit të vendimeve për anulim të kësaj kompetence edhe duke marrë parasysh ngecjen e procesit të decentralizimit. Prandaj ndoshta kjo propozim formulë vjen në momentin e duhur, edhe pse kemi mëdyshjet tona në objektivitetin e kalkulimit të shpenzimeve për nxënës dhe aspak nuk jemi të kënaqur nga mënyra në të cilën Ministria për arsim dhe shkencë e zbaton mbarë procedurën e cila ishte tejet jotransparente, e do të thosha edhe nënçmuese për ne, komunat.“

Këtë e theksoi kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski, në konferencën „Shfrytëzimi adekuat i resurseve shkollore për arsim më të mirë”, të mbajtur më 6 korrik 2023 në Shkup, organizuar nga




Светската банка, а на која беа поканети градоначалници и претставници од општинската администрација. На конференцијата обраќање имаа и министрите во Владата на РСМ за: образование, за финансии и за локална самоуправа, како и претставничката на УНИЦЕФ во нашата земја и вишиот специјалист за образование од Светската банка во Северна Македонија. Практичарите од образовниот систем и експерти од земјите од Европска Унија и ОЕЦД (Бугарија, Данска, Естонија, Литванија, Полска, Шведска, Норвешка, Португалија....) споделија искуства и добри примери од реорганизацијата на училишната мрежа во некои од европските земји, а говореа и за чекорите и алатките за спроведување на оптимизацијата. Беа опфатени три панел- дискусии: ,,Оптимално финансирање на оперативните расходи", каде беше вклучена дискусијата за финансирање на потребните инвестиции за оптимизација. Втората тема беше „Обезбедување ефикасно користење на човечките ресурси на училиштата и ефективно учество на заедницата". На третата тема, на која всушност говореше претседателот на ЗЕЛС, Ѓорѓиевски, гласеше „Приспособување на училишната мрежа: Создавање услови за подобро искористување на училишниот простор и подобрување на врските во мрежата". Експертите во овој дел ги презентираа искуствата од процесите на спојување или проширување на училиштата, обезбедување на превоз и на соодветна средина за префрлените ученици, а беа посочени и примери за пренамената на училишниот простор.

**Потребна е голема финансиска поддршка од централната власт за соодветна реализација на целиот процес, став на ЗЕЛС**

Претседателот на ЗЕЛС нагласи дека прашањето на рационализација на училишната мрежа е сериозно и комплексно прашање, кое по теоретски пат е многу едноставно за решавање, ама во практиката е болно и

Ministria për arsimi dhe shkencës, UNICEF dhe Banka Botërore, në të cilën ishin ftuar kryetarët e komunave dhe përfaqësuesit nga administrata komunale. Në konferencë folën edhe ministrat në Qeverinë e RMV për: arsim, financa dhe vetëqeverisje lokale, si dhe përfaqësuesi i UNICEF në vendin tonë dhe specialisti i lartë për arsim nga Banka Botërore në Maqedoninë e Veriut. Praktikues nga sistemi arsimor dhe ekspertë nga vendet e Bashkimit Evropian dhe OECD (Bullgaria, Danimarka, Estonia, Lituania, Polonia, Suedia, Norvegjia, Portugalia...) u shkëmbyen përvoja dhe praktika të mira nga riorganizimi i rrjetit të shkollave në disa të vendeve evropiane dhe u fol edhe për hapat dhe mjetet për zbatimin e optimizimit. U përfshinë tre panel diskutime: ,,Financimi optimal i shpenzimeve operative" ku u përfshi një diskutim për financimin e investimeve të nevojshme për optimizim. Tema e dytë ishte ,,Sigurimi i përdorimit efektiv të burimeve njerëzore të shkollës dhe pjesëmarrja efektive e bashkësisë". Në temën e tretë, të cilën në fakt e trajtoi kryetari i BNJVL-së, Gjorgjievski tha: - Përshtatja e rrjetit shkollor: Krijimi i kushteve për shfrytëzim më të mirë të hapësirës shkollore dhe përmirësimi i lidhjeve në rrjet. Në këtë pjesë, ekspertët prezantuan përvoja nga proceset e gërshetimit apo zgjërimit të shkollave, sigurimit të transportit dhe mjedisit të përshtatshëm për nxënësit e transferuar, si dhe u treguan shembuj të shndërrimit të hapësirës shkollore.

**Është e nevojshme përkrahje e madhe financiare e pushtetit qendror për realizimin adekuat të mbarë procesit, qëndrim ky i BNJVL-së**

Kryetari i BNJVL-së theksoi se çështja e racionalizimit të rrjetit shkollor është një çështje serioze dhe komplekse, e cila teorikisht është shumë e thjeshtë për t'u zgjidhur, por në praktikë e dhimbshme

сложено. „Рационализацијата опфаќа многу социјални, географски, демографски, па и политички аспекти. 'Одземањето, укинувањето на училиштето', како што најчесто населението во нашите рурални средини ја подразбира рационализацијата, претставува последната капка за и тие што досега останале да ги спакуваат куферите. Од друга страна, свесни сме дека ни се големи трошоците за одржување на таквите училишта и дека учениците добиваат послаб квалитет на услови и на настава. Тие се на некој начин „жртвите" на оваа состојба. Кога рационализацијата треба да се изведе на терен, тогаш се добива сосема нова перспектива, бидејќи секоја општина, секое подрачје си има свои специфики", нагласи Ѓорѓиевски, кој потоа говореше за дискусиите што на оваа тема се водени од Управниот одбор на ЗЕЛС и кај општинската администрација, а изнесе и дел од утврдените ставови на ЗЕЛС. „Всушност, она за што по ова прашање успеавме донекаде да имаме консензус во ЗЕЛС, беше дека ни е потребна сериозна поддршка од централната власт овие училишта да ги направиме вистински „смарт" училници. Најмалку што треба да се утврди е да се стават во категоријата „заштитено училиште" или да се обезбедат соодветни средства на друг начин за да обезбедиме квалитетна настава и поддршка за овие ученици. На тој начин ќе обезбедиме право секое дете да се образува во својата средина. Ни требаат сериозни финансиски средства, но пред сè сериозна волја од централната власт, особено што во нејзини раце се капиталните инвестиции. Во однос, пак, на рационализацијата на училишната мрежа во урбаните средини, сметаме дека е неминовен последователен чин, кој полека сите општини почнуваме да го спроведуваме", нагласи Ѓорѓиевски.

### Постигнувањата на нашите ученици под просекот на Западен Балкан и на ЕУ

Овие реформи треба да доведат до подобрување на квалитетот на образованието во нашата земја, што според направените анализи е во постојано опаѓање, односно, утврдено е дека постигнувањата на нашите ученици се под просекот на Западен Балкан и на ЕУ. Огромните демографски промени, вклучително и намалувањето на наталитетот, зголемената миграција и урбанизација без поголеми приспособувања на мрежата на основните училишта, резултираа со недоволна искористеност на училишниот простор и кадар во некои средини. Наспроти тоа, други училишта имаат премногу ученици и недостиг на кадар, па затоа мора да организираат часови во две смени – што веројатно влијае на резултатите од учењето. Ваквите промени доведоа до неефикасна и неправична распределба на ресурсите. Дополнително, 89 % од средствата кои ги добиваат општините за основното образование, се за покривање плати на училишниот кадар, што остава недоволно финансиски средства за професионалниот развој, воведување иновативни методи во наставата и учењето, одржување вонаставни активности, спроведување програми за интеграција на децата кои не се редовно вклучени во образовниот процес, одржување на објектите во добра состојба и нивна соодветна опременост.

dhe komplekse. ,,Racionalizimi mbulon shumë aspekte sociale, gjeografike, demografike dhe madje edhe politike. ,,Abrogimi dhe marrja e shkollës", siç e kupton zakonisht racionalizimi popullata në zonat tona rurale, paraqet pikën e fundit dhe ata që kanë qëndruar deri tani, përgatisin valixhet. Nga ana tjetër, jemi të vetëdijshëm se shpenzimet e mmirëmbajtjen e shkollave të tilla janë të larta dhe se nxënësit marrin kushte dhe mësimdhënie më cilësore. Ato janë në një farë mënyre ,,viktimat" e kësaj situate. Kur duhet të bëhet racionalizimi në terren, atëherë arrihet një perspektivë krejtësisht e re, sepse secila komunë, çdo rajon ka specifikat e veta", theksoi Gjorgjievski, i cili më pas foli për diskutimet mbi këtë temë të udhëhequra nga Bordi drejtues i BNJVL-së dhe në administratën komunale dhe prezantoi disa nga qëndrimet e vendosura të BNJVL-së. "Në të vërtetë, ajo për të cilën arritëm deri diku të arrijmë një konsensus në BNJVL ishte se ne kemi nevojë për mbështetje serioze nga pushteti qendror për t'i bërë këto shkolla klasa të vërteta "të zgjuara". Më së paku që duhet të përcaktohet është futja e tyre në kategorinë e ,,shkollës së mbrojtur" ose sigurimi i mjeteve adekuate në një mënyrë tjetër për të siguruar mësimdhënie dhe mbështetje cilësore për këta nxënës. Në këtë mënyrë do të sigurojmë të drejtat e çdo fëmije për t'u arsimuar në mjedisin e tij. Na duhen burime serioze financiare, por mbi të gjitha vullnet serioz nga pushteti qendror, aq më tepër që investimet kapitale janë në dorën e tij. Në lidhje me racionalizimin e rrjetit të shkollave në zonat urbane, mendojmë se është një akt i mëvonshëm i pashmangshëm, të cilin dalëngadalë po fillojnë t'a zbatojnë të gjitha komunat", theksoi Gjorgjievski.

### Rënia e suksesit të nxënësve tanë ndër mesataren në Ballkanin Perëndimor dhe të BE-së

Këto reforma duhet të çojnë drejt përmirësimit të cilësisë së arsimit në vendin tonë, që në bazë të analizave të bëra dhe në rënien e vazhdueshme, respektivisht është përcaktuar se suksesi i nxënësve tanë është ndër mesataren në Ballkanin Perëndimor dhe të BE-së/ ndryshimet e mëdha demografike, përfshirë edhe zvogëlimi i natalitetit, migrimi i rritur dhe urbanizimi pa përshtatjen e madhe të rrjetit të shkollave fillore, rezulton me shfrytëzimin e pamjaftueshëm të hapësirës shkollore dhe kuadrit në disa mjedise. Kundrejt kësaj, shkolla tjera kanë shumë nxënës dhe mungesë kuadri, prandaj duhet të organizohen orë në dy ndërrime – që patjetër ndikon në rezultatet e mësimit. Ndryshimet e këtilla çuan drejt shpërndarjes joefikase dhe të padrejtë të shpërndarjes së resurseve. Duke shtuar se 89% e mjeteve të cilat i marrin komunat për arsimin fillor janë për mbulimin e pagave të kuadrit shkollor, që lë mjete të pamjaftueshme financiare për zhvillimin profesional, themelimin e metodave inovative në arsim dhe mësim, mbajtja e aktiviteteve mësimore plotësuese, zbatimi i programit për integrimin e fëmijëve të cilët nuk janë përfshirë rregullisht në procesin arsimor, mirëmbajtja e objekteve është në gjendje të mirë dhe pajisja e tyre adekuate.


unicef


ADEQUATE
Use of School
Resources for
BETTER QUALITY
Education






ADJUSTING THE SCHOOL NETWORK: Creating Conditions to
Better Utilize School Space and Enhance Connections within the Network
Moderator: Ms. MAIDA PASIC Education Adviser, UNICEF Europe and Central Asia Regional Office
Mr. Pedro Abrantes
Mr. Stancho Stavrev
Ms. Else Brit Gaupset





ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT




**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ**

тел. +389 (0)2 30 99 033 | факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. "Копенхагенска" бр. 5, п. фах 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk

**INFORMACIONE PËR KONTAKT:**

tel. +389 (0)2 30 99 033 | faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. "Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk